**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 28 мај 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,47 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Собранието господин Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата, ќе продолжиме со работа.

Продолжуваме со работа по Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Ги молам пратениците да си ги завземат своите места.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвија Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Елмазе Селмани, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Валентина Божиновска, Лазар Китановски, Марјанчо Николов, Владо Бучковски, Мирјана Секуловска и Бесим Догани ме известија дека се спречени да присустуваат на седницата.

**Минуваме на точка 8 - Предлог за донесување на закон за вработување и работа на странци, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворма претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збвор?

Збор има министерот за труд, повелете.

Процедурално збор побара пратеникот Ќенан Хасипи, повелете.

**Ќенан Хасипи:** Благодарам господине претседател.

Во известувањето што го добивме од собраниските служби пишуваше дека ќе продлжиме со 34-та седница и дека по нејзиното завршување ќе продолжиме со 42-та седница.

Меѓутоа, изгледа овде некој во нечие друго име се договара  и ги претумбуваат седниците. Ова, не случајно го спомнувам, бидејќи во дневниот ред на 34-та седница, како точка 29 е законот што го предложивме јас и господинот Хади Незири.

До колку вака продолжиме со работа, верувам дека нема да дојде на дневен ред тој закон. Ќе ве молам, без наше информирање се менуваат седниците. Прекинуваме со една, почнуваме со друга, се договара не знам кој со кого и кој во чие име. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидете сигурни дека тоа не е направено поради тој предлог на закон, иако бев отсутен, тоа не е направено заради тоа.

Приоритетот е даден на законите за усогласување со Европската легислатива. Тоа е единствената причина, така што бидете сигурни дека Предлогот што го спомнавте сигурно ќе дојде скоро на дневен ред.

Збор има господинот министер господинот Мешков, повелете.

**Љупче Мешков:** Благодарам господине претседателе.

Како што е вообичаен редот, како ресорен министер во Министерството што го предлага овој Предлог на закон во име на Владата, на почетокот би сакал да дадат неколку кратки воведни напомени во врска со овој предлог.

Материјата што овој закон ја регулира беше предмет на регулатива уште поодамна, кога имавме сојузни закони. Таа материја беше регулирана со Законот за условите за засновање работен однос со странски државјани. Исто так, дел од оваа материја што го регулира овој закон беше во врска со вработувањето на странци, беше утврдена и е утврдена со Законот за движење и престој на странци, со Законот за државјанство, со Законот за евиденција од областа на трудот, Законот за вработување и многу други законски проекти. Материјата беше предмет на регулатива на повеќе законски прописи.

Исто така, со донесувањето на Законот за работни односи во 2005 година имаше одредби во врска со работата и вработувањето на странци. Значи, се појави потребата од донесување на еден закон што целосно ќе ја регулира работата за вработување и работа на странци во Република Македонија.

Донесувањето на ваквиот закон е и дел од Националната програма за хармонизација на нашето законодавство со законодавството на Европската унија и беше нужно и потребно да се предложи и донесе од Собранието еден ваков закон што ќе ја регулира оваа материја.

Се разбира, во подготовката на овој закон беа користени одредени стручни мислења, техничка и стручна помош од страна на ЕУ во рамките на ТАЕКС програмата.

Овој закон регулира повеќе прашања. Пред се, поаѓа од фактот на дефиницијата што е странец според овој закон. Исто така, овој закон регулира два предуслови неопходни за да може да се вработи и работи странец во Република Македонија. Тоа е да има дозвола за престој и да има добиено работна дозвола, за да може да работи во Република Македонија. Во законот е комплетно разработена постапката и процедурата, како и органите што ја водат таа постапка за добивање работна дозвола. Тука, во таа постапка не би се задржувал долго.

Исто така, овој закон го регулира односот на работниците странци од ЕУ, кои добиваат поривелигиреан статус во однос на другите работници странци кои ќе работат во Република Македониј, а исто така утврдува и квота на

работници странци кои можат да работат во Република Македонија. Таа квота изнесува 5% од вкупниот број на вработено население во Република Македонија. Се разбира, со оглед на состојбите во нашата држава законот предвидува можности и за забрана за нови вработувања, предвидени со годишната квота, до колку е тоа во интерес на државата или конкретниот регион или одредено подрачја во Република Македонија.

Во овој закон, исто така, се регулираат и други случаи на вработување на странци, кога е работник на одредена странска компанија кој треба да работи, добивање поединечно работна дозвола, дадена е можност да можат странски работници однсоно студенти кои студираат во Република Македонија без работна дозвола да обавуваат такви задачи, до колку извршувањето на работата е до 10 часа во текот на месецот. Дадени се и некои други решенија и преодни одредби што се неопходни за целосна регулатива на оваа материја.

Реков дкеа е ова од Националната програма за хармонијазаија и дека е еден од поважните закони што ние ги предлагаме како Влада на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарма и јас.

За збор се јави господин Дарко Димитриевски, повелете.

**Дарко Димитриевски:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе на Собранието, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Вработувањето и работата на странците во Република Македонија до сега беа уредени со повеќе законски прописи. Како пример треба да се спомнат: Законот за условите за засновање работен однос со странски државјани, Закон за движење и престој на странци, Закон за азил и привремна заштита, Закон за државјанство, Закон за работни односи, ккако и други прописи.

Токму регулирањето на оваа материја, а тоа е вработувањето и работа на странци во Република Македонија во повеќе законски прописи, како и потребата од  усогласување со Уставот, како и со регулативите на Меѓународната организација на трудот и на Република Македонија, несомнено ја наметнува потребата од донесување нов закон што ќе ја уредуваат оваа проблематика.

Во новиот Прелдог на закон за вработување и работа на странци дефиниран е поимот странец како и категоријата странци за кои овој закон не важи, како и странци кои имаат попривелигиран статус во однос на вработувањето и работата во Република Македонија.

Основа за вработување на странец во Република Македонија е исполнување на следниве три услови: поседување на дозвола за работа, потоа регулирање престој во Република Македонија, како и задолжително регистрирање како работа на странец.

Утврдена е забраната за дискриминација при вработување на странец, било да се работи за дирекна или индирекна дискриминација, по сите основи.

Според новиот Предлог на закон за вработување на странци дадени се и ограничувањата за вработување на странците во Република Македонија изразени во квоти, во работни дозволи. Квотите на работните дозволи ги определува Владата на Република Македонија на годишно ниво. При тоа е утврден процент на вкупната квота за вработување странци што не може да биде поголема од 5% од вкупно вработено население во Република Македонија.

Работната дозвола може да се издаде како лична, како дозвола за вработување и како дозвола за работа, при тоа утврдувајки го временскиот период за важење на овие дозволи.

Законот, исто така, содржи одредби кога на странец може и во кои услови да му се одземе и поништи работната дозвола.

За издавање на работа дозвола на странец пропишана е одредена постапка што мора да се запази да може Агенцијата за вработување да ја издаде истата, било да се работи за барање поднесено од работодавач или за барање поднесено од странец.

Личната работна дозвола е едниот од трите вида работни дозволи со кои на странецот му се дава право на слободен пристап на пазарот на трудот, при тоа утврдувајки кој може да добие ваква дозвола и временскиот период за важење на дозволата.

Вториот вид на работна дозвола е дозвола за вработување и истата е поврзана со потребата од постојано вработување, врз основа на систематизирани работни места и по правило се издава за период од една година, а само во исклучителни случаи за период од две години за одреени стручни профили.

Третиот вид работна дозвола е дозвола за работа со која странецот може привремено да работи во Република Македонија, согласно она за што е издадена дозволата, по претходно утврдено временско ограничување.

Почитувани пратеници,

Со Предлогот на законот за вработување и работа на странци во Република Македонија е предвидено да можње да се даваат прекугранични услуги од странски компании, преку преместени работници, при тоа утврдувајки кога може да се дадат вакви услуги, временскио тпериод за давање на вакви услуги преку преместени работници, условите за давањето на услови, обврските на странскиот работодавач за преместените работници, како и другите сементи со кои се уредува прекуграничното давање услуги од странски компании преку преместени работници.

Во Република Македонија, согласно овој закон, дозволено е назначување на странски работници, заради извршување на некои задачи, како и договорни услуги, а преместувањето на странски работници е дозволенодо колку правното лице

има регистрирано филијала во Република Македонија.

Со Предлогот-законот за вработување и работа на странци се уредени и регулирани прашањата за обука на странци, како и начинот, условите и постапките за реализирање и спроведување на обуките.

Потоа, со законот, исто така е регулиран аи сезонската работа на странците, кога е дозволена сезонската работа на странците, кога ќе се издаде дозвола за сезонска работ ана странци, како и регулирањето на сезонската работа на странци во областа на земјоделството и шумарството.

Со овој закон, исто така се уредуваат и ред други прашања како регистрација на почетокот и завршувањето на работата на странците, потоа работи што ги вршата странците во Република Македонија кои престојуваат поради студирање, евидентирање на работните дозволи на странци, надзор над спроведување на законот и обврските по надзорните органи. Тоа се Минситерството за труд и социјална политика и Државниот инспекторат за труд и ред други рпашања поврзани со вработувањето и работата на странците во Република Македонија.

По подготвувањето на овој закон и пошироки консултации со Секретарјатот за Европски интеграции, ресорните минситерства, економско социјалниот совет, посебн консултант во рамките на ТАНЕС Програмата од Европската унија и сите битни и релевантни мислења од овие органи содржани се во овој закон.

Донесувањето на законот за вработување и работа на странци има за цел усогласување на законската регулатива во врска со вработувањето и работата на странци во Република Македонија со најновата регулатива на Република Македонија, како и усогласување на македонското законодавство со законодавството на Европската Унија, поради кое јас ќе го подржам овој закон и ќе гласам за него. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господин Јован Манасиевски, повелете.

**Јован Манасиевски:** Благодарам господине претседателе,

Пред се голема е потребата од донесување на овој закон, меѓутоа според мое мислење на овој закон му треба сериозна доработка. Оттаму моето барање до ресорниот минситер е законот да се разгледува во две фази,

Основниот аргумент зошто тоа го барам е токму почитувањето на владината политика промовирана уште од самиот старт на работата на оваа Влада за привелкување на дополнителни странски инфестиции.

Имено, низ деталното читање на овој закон порасна моето убедување дека во концепирањето на овој закон и во конкретните негови одредби воопшто не е водено сметка за оваа деловна владина определба.

Имено, законот обилува ос премногу ограничувања, хипернормирање и воопштоне придонесува во реализацијата на политиката за згоелмвување на странските инвестиции.

Отаму потребна е негова доработка и тоа предлагам доработка низ два канали кои што се институционални, кои што постојат и истовремено барам одговор од минситерот дали воопшто овие канали се консултирани, затоа што според моите сознанија воопшто не е тоа направено.

Прво, во Република Македонија веќе неколку години работи едно респектабилно тело таканаречениот Совет на странски инвеститори кој што ги собира најугледните и најреномираните странски инвеститори во Република Македонија. Сметам дека овој закон, првата фаза што денес треба да ја усвоиме треба да се даде на сериозно разгледување на ова тело затоа што од забелешките и сугестиите што ќе ги даде ова тело убеден сум дека квалитетот на конкретните решенија од законот ќе биде подобрен.

Ова го велам затоа што беше посочено дека е ангажиран европски експерт, меѓутоа аспектот на европското прилагодување на законскаа регулатива е еден, а аспектот на создавање на услови за директни странски инвестиции е сосема друг. Имено, проблемите што ги имаат европските земји се целосно различни од оние што ги има Република Македонија во оваа фаза. Република Македонија воопшто не влегува во профилот на класично емиграционо подрачје како што е Европската унија и за кое што нормално Европската унија ги прилагодува и ги дизајнира своите закони.

Кај нас господине минситер ако не сте знаеле структурата на странците кои што работат во Република Македонија е претежно менаџерски тимови од странци. Значи, Македонија нема потреба да се штити од наплив на странска работа сила, туку напротив овој закон господине министер треба да овозможи полесна работа на странските менаџерски тимови. Изобилието на прописи и норми ограничувачки, кое што сега постои во Република Македонија делува ограничувачки и дестимулативно при разгледувањето на влегувањето на нови странски инвестиции во Република Македонија. Отаму задачата на овој закон за разлика од задачата на вашите закони во земјите на Европската унија е сосема различна. Тој треба да создаде заедно со другите мерки на економската политика во овој дел да создаде стимулативна атмосфера директните странски инвестиции кои што доаѓаат да носат со себе и менаџерски тимови кои што ќе пренесуваат и соодветно знаење во Република Македонија. Отаму сметам дека во овој дел законската регулатива во овој дел е сериозно промашена и е потребна дополнителна доработка и отаму сугерирам Владата овој текст да го испрати до ова респектабилно тело, до Советот на странски инвеститори.

Втора работа Што сакам да ве прашам, а според информациите што ја сги имам исто така не е

завршена, во Владата со голема помпа се формира посебно тело, Комитет за регулаторна гилотина, се трошат секојдневно големи суми за барање совети од македонското граѓанство за давање идеи за упростување на прописите, а од друга страна според моите сознанија овој закон воопшто не е поминат господине минситер на Регулаторна гилотина. Моето прашање е следно. Дали оваа кампања на Владата за регулаторна гилотиња важи само за старите закони, а новите закони ги продуцирате без да поминат елементарна процедура за потоа регулаторната гилотина да има што да работи.

Значи, сега ќе го донесеме овој закон, па потоа регулаторната гилотина ќе го разгледува наредните месеци и есенва некаде ќе ни предложите измени на истиот овој закон, се разбира повторно со сугестии од овој Комитет.

Значи, тоа е начин на работа кој што е крајно бесмислен и оттаму јас замолувам директно да ми се одговори дали Комитетот за регулаторна гилотина го разгледувал ова прашање, ако го разгледувал, молам записник од таа седница, за да видиме дали навистина овој закон нема никакви забелешки и не значи обременување на прописите.

Значи, господине министре на законот му е потребна сериозна доработка, за да биде во согласност не само со барањата на опозицијата, туку со барањата, со прокламираните владини политики. Затоа што вака, како што ги продуцирате законите, Владата наликува на еден комплетно раштимуван оркестар, каде што ресорите меѓу себе немаат никаква координација и џабе ви се сите овие големи кампањи спрема граѓаните за регулаторна гилотина, кога вашите сопствени закони не ја поминуваат регулаторната гилотина.

Значи, овие две забелешки се директно сврзани со тоа да создадеме регулатива која што ќе биде благопријатна за странските инвеститори, каде што ќе биде уште еден аргумент повеќе при носењето на одлуките на странските компании, тие да ја одберат Република Македонија. Доколку имаме вакво хипернормирано решение за работата на странците, кои што повторувам не се обични физички работници во Република Македонија, туку нивната структура во најголем дел се искусни менаџерски тимови кои што работат се разбира, во интерес на своите компании, меѓутоа и во интерес на Република Македонија. Во спротивно, доколку не ги концепирате законите да привлечат што повеќе директни странски инвестиции, ќе ни се случува господине министре она што надлежните тела ни го соопштија минатата недела дека за првите два месеца оваа година, директните странски инвестиции во Република Македонија изнесуваат само 7 милиони долари. Ако продолжи вашата Владата господине министре со ова темпо, ние до крајот на годината ќе имаме фантастични 40 милиони долари, што ќе биде најмало ниво на директни странски инвестиции во историјата на Република Македонија. Ова ли е таа политика, економска на Владата која што толку ја фалевте. Да не биде дека после овој политички ќор сокак што и го приредивте на Република Македонија да ја доведете и во економски ќор сокак. Не слушнав господине министре да ја видиме целата Влада на чело со премиерот, или барем дел од економските министри да ги образложат низ графикони овие најнови податоци на надлежните институции. Зошто во првите два месеца на оваа година имаме само 7 милиони долари директни странски инвестиции. Зошто? Тој одговор го должите на целокупната македонска јавност, се разбира и на опозицијата, затоа што нашите 150-на милиони долари годишно не ви беа доволни. Ја добивте довербата на граѓаните затоа што тврдевте дека тоа може да биде многукратно поголемо. Повелете, покажете се. Меѓутоа, не со ваква регулатива. И опозицијата и ЛДП имаат интерес во Македонија да влегуваат што повеќе директни странски инвестиции. Со ваква регулатива нема да дојдат господине министре.

Затоа апелирам законот денеска да го изгласаме во прва фаза, да си го вратите на доработка, да го дадете на Советот на странски инвеститори на мислење, да го дадете на Комитетот за регулаторна гилотина на мислење и со двете мислења повторно да го доставите до Парламентот и сите заеднички да донесеме закон кој што ќе биде благопријатен за поголеми директни странски инвестиции. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот министер за труд и социјална политика.

**Љупче Мешков:** Да ви кажам право, изненаден сум заради фактот што претседателот на Комисијата за труд и социјална политика кога овој закон беше разгледуван на Комисијата скоро ништо од ова што кажа не го кажа таму. Значи, можевме на време да разговараме за се она што требаше да биде разговарано, што секако, не го намалува и не го оневозможува на Собранието да си го каже својот став.

Прво, за овој закон, нема ни амандмани, но ние како Влада и јас како ресорен министер се одлучивме овој закон да оди во една фаза заради неколку работи.

Прво, овој закон го работеше работна група во која што учествуваат претставници од сите ресорни министерства. Значи, сите имаат дадено свој удел во овој закон.

Второ, овој закон е гледан на Економско-социјалниот совет, каде што во трипартитните преговори учествува синдикатот, учествуваат работодавачите и се разбира, Владата на Република Македонија. На овој закон немаше забелешки на Економско-социјалниот совет, односно на работодавачите. Мислам во делот имаше една дискусија која што одеше во насока на ова што го кажува господинот Манасиевски, едноставно да се размисли дали треба во две фази да оди. Значи, немаше во таа насока некои сериозни забелешки. Значи, Економско-

социјалниот совет во целост го гледаше овој закон и му даде целосна подршка.

Трето, овој закон го гледаше Секретаријатот за европски прашања и тој констатира дека во законот се содржани сите директиви кои се однесуваат на оваа регулатива од Европската унија.

Четврто, во овој закон исто така за разлика од сегашната регулатива, дали тоа е доволно или е работа на оценка, но дадени се одредени одредби кои што одат во насока на подршка на странските инвеститори. Во членот 12, точка 11 е кажано дека договорот за работа со странскиот инвеститор може да се склучува и на подолг период од она што е сегашната регулатива, до една година. Значи, сега се дава еден подолг период до три години. И најпосле, за гилотината која што ја спомна господинот Манасиевски, гилотината се разбира, целта и е сите оние одеребди во постојните закони кои што создаваат долготрајни бирократски процедури да се анулираат таквите одредби, а сигурно главната цел која што е на таа гилотина е водено сметка при подготвувањето на овој закон да немаме такви проблеми. Со самиот факт, што реков, на тој закон дадоа свои забелешки, свои мислења, значи од Законодавство до Секретаријатот за европски прашања и до десетина министерства кои сите на одреден начин имаат удел во регулативата на оваа проблематика. Исто така, цело време, на овој закон работеше и експерт за оваа проблематика во рамките на ТАЕКС Програмат, тој беше стручен консултант од Шветска кој даде активен придонес цело време во подготвувањето на овој закон, користејќи ги и давајќи ги своите мислења во врска со искуствата од Европската регулатива. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има господин Јован Манасиевски.

**Јован Манасиевски:** Се јавувам за збор.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

**Јован Манасиевски:** Покрај тоа што господинот министер не доаѓа на Комисијата за труд и социјална политика, оправдано, затоа што беше 4 недели на пат во Австралија ми се чини, за жал, не ги чита ни извештаите на телата.

Господине министре, ако го прочитате извештајот на соодветното тело ќе видите дека истите овие забелешки се дадени на Комисијата и се побарани одговори, кои што за жал, еве после две недели не ги добиваме.

Господине министре, како што кажа премиерот работите по 15 часа дневно, а не наоѓате време една минута ви е потребна за да го прочитате овој извештај, затоа што е краток и концизен. Зафаќа една ипол страничка и каде што се токму истите забелешки посочени.

Господине министре, вие за жал, не одговарате на забелешките. Значи, од ова што го кажавте законот не поминал регулаторна гилотина.

Моето прашање до вас е, зошто новите закони што Владата ги продуцира не одат на регулаторна гилотина. Која е смислата на голотината. Дали е смислата само да се трошат пари по медиумите, а новите закони што ги продуцираат министерствата во Владата да бидат обременети, да бидат хипернормирани. Тогаш е комплетно промашена целта  на гилотината. Значи, законот не поминал гилотина.

Второ, законот не поминал на мислење кај Советот на странски инвеститори. Господине министре, кој ви го дава тоа право една респектабилна институција, која што постои повеќе од 5 години, каде што сите странски инвеститори се застапени, вие да не им го давате законот за разгледување. Па за кого го носите овој закон. Токму за странските инвеститори за да имаат олеснат пристап нивните менаџерски тимови, за да можат да донесат одлука за инвестиции во Република Македонија. Го спомнувате Економско-социјалниот совет. Во Економско-социјалниот совет членуваат домашни работодавачи. Вам ви е потребно господине минситре мислење од Советот на странски инвеститори. Само такво мислење ќе биде релевантно. Во спротивно, вие носите закон кој што и понатаму ќе биде рестриктивен и кој што нема да влијае благопријатно за носење на одлуки за директни странски инвестиции. Жалам што мојата дискусија не ја сфаќате добронамерно. Основна цел на владината политика, како што беше прокламирано, а и на Парламентот треба да биде што повеќе странски инвестиции. И законите што ги носиме треба да ги олеснуваат странските инвестиции. Во таа насока беше мојата дискусија. Не треба да терате инает, да покажувате суета, туку вратете го законот на доработка со мислења од овие две тела: Комитетот за регулаторна гилотина и Советот на странски инвеститори. Ако немаат забелешки, тогаш ќе кажеме Владата предлага добар закон, ќе го подржиме едногласно. Ако има забелешки и сугестии ќе ги разгледаме заедно и ќе го донесеме најдоброто решение. Меѓутоа, ваквото априори одбивање, навистина, не води никаде и е контра прокламирата владина политика. Значи, останувам на ставот дека не е благопријатен за директните странски инвестиции. Тоа е напредок на сегашната ситуација, која што за жал, е уште повеќе нормирана. Меѓутоа, тој не е доволен напредок да го олесни влегувањето на странски инвестици и затоа господине министре, ве молам, прифатете ја сугестијата, законот да оди во две фази. Ќе изгубиме еден месец, меѓутоа, ќе донесеме многу поквалитетн закон. Благодарам на вниманието.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за вработување и работа на странци.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 63 гласале за, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 57, воздржано 1, против 8.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 57 гласале за, 1 воздржан, против 8.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за вработување и работа на странци.

**Минуваме на точката 9 - Предлог на закон за спречување судир на интереси**

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно правананата комисија поднесе амандмани на член 10, член 13 став 1, член 19 став 3 и за додавање нов став 4 по ставот 3, член 23 став 2 и на член 25 став 1, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Оливер Спасовски, Славица Грковска и Владо Бучковски, поднесоа амандмани на член 3 став 1, за менување на алинеа 1, член 3 став 1 алинеа 5, член 3 за додавање нова алинеа 8 по алинеа 7. Член 5 став 2 за додавање три нови алинеи 4, 5 и 6 по алинеа 3. Член 6, член 7 став 1, член 8 став 3, член 9 за менување на ставот 2, со два нови ставови, за бришење на член 11, член 12 став 1, член 13 став 2 и за бришење на став 3, член 16 став 1, член 17, член 25 став 2 и за бришење на член 28, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Роза Топузова Каревска, Јован Манасиевски поднесоа амандмани за бришење на член 11 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Роза Топузова Каревска поднесе амандмани на член 3 став 1 алинеа 6 и на член 7 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 за менување на алинеа 1, поднесен од пратениците Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Оливер Спасовски, Славица Грковска и Владо Бучковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Михаљо Маневски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Збор има господин Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам за зборот.

Почитуван министер, почитувани пратеници, ова е еден од 17- те амандмани поднесени од пратеничката група на СДСМ на овој закон за спречување на судир на интереси.

Овој амандман кој министерот за правда го одби уште во самиот старт, беше пред се за допрецизирање, појаснување на одредбата од законот која предлагаме да се измени, а не за суштинска нејзина измена. Затоа ме чуди што миистерот за правда уште на почетокот најави како ќе се однесува кон сите амандмани, подоцна и суштински кои доаѓаат од опозицијата, а за кои имаме сериозни забелешки на овој закон. Навистина не можам да разберам бидејќи министерот не даде образложение зошто го одбива амандманот, во што е суштината, во што е проблемот што овој амандман за Владата е неприфатлив. За да објасниме за што се работи, јас најпрво би ја споредил одредбата на законот, на членот 3 алинеа 1 и нашиот амандман со кој предлагаме да се измени овој член. Согласно предлогот на Владата овој член 3 алинеа 1 го дефинира поимот на судирот на интереси. Така што според Владата, судир на интереси цитирам, подразбира состојба кога приватниот интерес на службеното лице е во спротивност со јавниот интерес, или кога приваниот интерес влијае или може да влиае врз неговата непристрасност при вршењето на работите од јавен интерес.

Пред да го дадам образложението и коментарот, веднаш ќе го прочитам нашиот предлог на амандман за споредба. Цитирам, судир на интереси постои кога службеното лице има приватен интерес кој влијае врз непристрасноста на вршњето на неговата функција и врз заштитата на јавниото интерес.

Ако забележете почитуван министре, суштината и целта на оваа одредба на законот останува иста и непроменета. И предлогот на Владата и нашиот амандман целта и позадината се сосема исти. Значи, да се дефинира што е можно појасно и попрецизно поимот судир на интереси.

Меѓутоа, во вашиот предлог постојат некои зборови кои можат само дополнително да ја искомпликуваат во најблага рака толкувањето и примената на одредбата од овој закон. Ова е многу битно затоа што, се што содржи понатаму овој закон поаѓа од членот 3, каде што се дефинирани основните поими со кои оперира овој закон, како што е поимот судир на интереси еден од најважните поими, бидејќи се се врти околу тоа. Околу тоа е впрочем, и самиот настап на законот е за спречување на судир на интереси.

Почитувани преставници на Владата, верувам дека ќе се согласите дека Министерството за правда тоа го знае дека во законите не треба да има непрецизности, општи и апстрактни поими и

волонтаризам, се со цел без разлика за кого ќе се применува и од кого ќе се применува овој закон да обезбеди подеднаква примена и што пообјективна примена и за оние врз кои ќе се применува и за оние што ќе го толкуваат, односно применуваат. Имено, вашиот предлог содржи термини како што се: состојба, или, може. Конкретно во делот од реченицата каде што велите дека приватниот интерес на службеното лице е во спротивност со јавниот интерес, или кога приватниот интерес влијае, или може да влијае врз неговата непристрасност, употребувате поими со кои намерно, или ненамерно, не знам, меѓутоа нестручно во секој случај оставате простор за прејудицирање на некои појави, или некои ситуации. За предлагач како што е Министерството за правда кое треба да води сметка за ваквите ситуации, а тоа е недозволиво и неопростиво. Не може да претпоставува законот одредени ситуации. Значи, почитуван министре или има судир на интереси, или нема судир на интереси. Може да има, тоа е идно незавршено време, претпоставена ситуација што секој можеби за да нешто искористи, употреби, етикетира некого, може да го отвори и да го толкува по сопствено убедување и по сопствена проценка. Законот токму сопственото лично убедување и волонтаризмот во толкувањето треба да го спречи. Затоа ние го предлагаме овој амандман.

Почитуван министре, објектот на заштита, правнички да кажеме на одредбата на овој закон е влијанието врз непристрасноста во вршењето на функцијата на службеното лице, значи непристрасноста под еден. И вториот објект на заштита е јавниот интрес. И во нашиот амандман овие два клучни поими се содржани, се застапени и се занкционирани, предвидени. Затоа што е пократок, попрецизен, подециден неостава простор за различни толкувања за прилагодување можеби и политичко од некого. За да ја избегнеме таквата опасност предлагаме ваков амандман за измена на овој член 3 алинеја 1 за да се избегне секаква опасност без разлика, реков уште еднаш ќе повторам од кого ќе се толкува, од кого ќе се применува и за кого ќе се применува. Затоа што зборовите "може да влијае на непристрасноста во вршењето на работите од јавен интерес се многу неопределени. Мислам дека без овој дел од одредбата, законот ќе биде многу подециден, многу појасен и пообјективен. И затоа треба да го прифатите амандманот, затоа што кажав, суштината останува иста. Се работи иако за техничка исправка и подобрување на текстот, сепак вашата интенција на предлагачот останува иста, постои заштитата, објектот на заштита да не се влијае на пристрасноста на извршувањето на работите на службеното лице и да се заштити при извршувањето на неговата функција и да се заштити јавниот интерес што е основна цел на законот. Претходно исто така употребувате некои зборови како што се: состојби, некои термини што се повторно неопределени, не знаме какви состојби, чудни термини. Реков, или постои, или не постои. Тоа не може да биде состојба ваква, или онаква, а уште помалку "може". Затоа реков, вие не дадовте образложение. Можеби подоцна во текот на расправата ќе се вклучите по овој амандман да кажете што ви била намерата и замислете, што вие подразбирате и како вие го толкувате зборот "може да влијае" Значи, нешто што не се случило, вие сакате некого однапред да обвините, да осомничите итн. Само да ве потсетам, во овој момент СДСМ е опозиција. Ние предложивме повеќе амандмани на овој текст на законот. По дефиниција законот за спречување на судир на интереси се однесува за власта. Значи, СДСМ не е на власт. Затоа предлагаме објективни решенија без разлика кој и да е на власт, да се применуваат подеднакво и понепристрасно за сите. Во овој случај со вакви непрецизности на законото опозицијата во овој момент има ќар, затоа што може за одредени ситуации да ја напаѓа власта и да го користи законот што самите вие го предлагате. Затоа, со ваквите измени ние всушност и ви помагаме сакајќи да внесеме пообјективни решенија и ви помагаме на вас како претставници на власта, затоа што по дефиниција овој закон се однесува на власта.

Од сите погоре наведени прични ви предлагам да го прифатите овој амандман, бидејќи се надевам дека ќе ве разубедиме со аргументи дека не се работи за ништо суштинско. Целта ни е подеднаква, меѓутоа, бараме законот да биде попрецизен. И затоа се изненадив кога уште на стартот го одбивте овој амандман. Јас не знам што ќе остане за останатите 16 амандмани кои се многу посуштински за овој закон. Треба да претпоставиме уште од сега на стартот дека сите анблок и тоа без образложение ќе ги одбиете.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот за правда Михајло Маневкси.

**Михајло Маневски:** Почитуван господине претседателе, мислиме дека поимот за судир на интереси што е утврден во членот 3 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата е подобра формулација отколку она што се предлага со амандманот, заради тоа што се согласувам со ова што го рече почитуваниот пратеник, дека навистина во суштина тука нема никаква разлика и нема никаква разлика она што се изјавува како можност да влијае на неговата состојба за непристрасност, или во вршењето на работи од јавен интерес, мислам дека треба да се прочита и зборот "влијае", или "може да влијае". Тоа е пошироко отколку што се предлага во амандманот. Мислам дека формулацијата што е употребена за поимот за судир на интереси која подразбира состојба коа приватниот интерес на службеното лице е во спротивност со јавниот интерес, или кога приватниот интерес влијае, или може да влијае на неговата непристрасност во вршењето на работите од јавен интерес.

Второ, што се однесува во односот на Владата спрема амандманите на законите што ги поднесува опозицијата, сакам да ви кажам дека овој закон во месец февруари беше гледан како Предлог на закон, па потоа се прифати како Предлог за донесување на закон и можам да ви

кажам дека повеќе од две третини од амандманите што тогаш беа поднесени на законот се прифатени и се вградени во овој закон. Мислам дека тоа е една реалност, заради тоа што овој закон за спречување на судирот на интереси веројатно е еден од најдолго донесуваните закони кои што се од оваа област, затоа што се водени расправи две-три години, и дојдено е до сознание и до поими кои што навистина ги изразуваат состојбите за спречување на судирот на интереси.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика господинот Борис Кондарко.

**Борис Кондарко:** Почитуван министер, драго ми е што се согласивте и што прифативте дел од моите констатации во дискусијата, дека во суштина и нашиот предлог текст на амандманот се однесува на истата содржина и ја опфаќа истата цел. Меѓутоа, за оној дел што појаснувањето го дадовте и за што сеуште, после тоа јас останувам на мојата претходна дискусија и не се согласувам со вашето образложение е дека прејудицирате нешто што не е постоечко, што е идно и што е можно. Сметам дека, ќе повторам дека законот не треба на ваков волонтаристички начин да содржи термини кои во моментот не можат да бидат потврдени, докажани за да се примени законот, туку со ваквите термини кои асоцираат на идно незавршено време се остава простор неосновано да се злоупотребува примената на законот со цел, или неправилно да се применува намерно или ненамерно, можеби некогаш и за да се етикетираат одредени носители на функции. Се разбира, презумцијата на невиност треба да биде примарна во изготвувањето на законот и пред се прецизноста на законот. Во овој случај зборот "може да влијае" навистина не ви држи образложението и ќе имаме лош закон кој реков, ние како опозиција можеме да го користиме во овој период кога сте вие на власт против вас, меѓутоа тоа не е целта. Ние не сакаме преку овој закон да водиме дневна политика и на тој начин да водиме битка со власта. Сакаме да се донесе навистина објективен закон со одредби кои ќе бидат реално применливи, а не одредби кои ќе предизвикуваат, па макар и ненамерни произволни толкувања и погрешна примена на законот во најдобар случај, а да не зборувам за можните злоупотреби.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиеска:** Господине претседателе, господин, министер, колеги пратеници, навистина се поставува дилемата која е целта на овој закон. Дали навистина Владата има интерес и желба да ги забрза процесите за евроинтеграција, а тоа значи и да го забрза процесот на изготвување на законите поврзани со овој процес, или пак зад ова се крие нешто друго. Јас сметам дека навистина се крие нешто друго од едноставна причина што, ако Владата сакаше да го оствари она првото, тоа можеше да се направи многу порано. Законот во прва фаза како Предлог за донесување на закон беше доставен и разгледуван во Собранието уште во месец декември, значи на крајот на минатата година и Владата имаше доволно период за изминативе месеци врз основа на сугестиите што тогаш беа истакнати на расправа во Парламентот да го изготви текстот на Предлог законот и да го достави и можеше до сега тој закон да биде донесен. Но, тоа не се случи. Дури во април месец, законот во втора фаза го добивме во Парламентот и тоа не како желба, или иницијатива на Владата, туку откако беше извршен соодветен притисок преку поставување прашања и слично од пратениците на опозицијата па тогаш Владата побрза, еве ни достави закон. Точно е тоа дека овој закон содржи многу од забелешките што беа истакнати од опозицијата во првата фаза, но не доволно за да може да кажеме дека овој закон навистина ќе настојува да го спречи судирот на интереси.

И конкретно кога станува збор за овој амандман на членот 3 став 1 алинеја 1 со кој предлагаме истата потполно да се смени. Навистина се поставува дилемата дали ако овој амандман преставникот на Владата не го прифати, може да очекуваме дека некои од наредните амандмани ќе биде прифатен. Едноставно се руши концептот на законот. Посебно морам да истакнам дека дефинирањето на судирот на интереси е многу важно прашање, затоа што ако ова прашање не го дефинираме прецизно, ако овозможиме оваа одредба да биде растеглива, тогаш ќе се овозможи во пракса под судир на интереси да не се подразбира некој конкретен судир што е дефиниран во закон, туку да може во зависност од тоа за кое лице станува збор, така и да се толкува одредбата од законот. И бидејќи судирот на интереси ќе се утврдува кај сите службени лица на начинот како што е дефинирано во овој закон, тука се лица кои се избрани и именувани од претседателот на Република Македонија, избрани функционери во Собрание, во Владата, органи на државна управа. Во однос на Владата и органите на државна управа не е толку спорно, бидејќи тоа се лица од власта. Но, функционери, службени лица во судовите и во други органи и организации итн. Значи, можноста да се дефинира судир на интереси не се остава простор да биде само кај лица кои што се именувани од Владата, или работат во Владата, туку тој круг е многу поширок. И постои можност да се врши политичка пресметка со лица преставници од други политички партии, или именувани од страна на лица од други политички партии посебно функционери во судската власт. Тоа е недопуштено. Ако навистина постоела желба законот да го дефинира судирот на интереси, тоа ќе било направено на прецизен начин и ќе биле оставени на страна вршителите на судиската функција, дури вршителите на судиската функција имаат многу построги одредби во однос на дефинирањето на судирот на интереси што се пропишани во законите од процесна природа, Законот за парнична постапка, Законот за кривична постапка, но за тој судир кога постои обврска судијата да биде изземен одлучуваат самите судски власти. И тоа значи независност.

Но, со нивно вградување овде во овој закон се остава простор и за нив да одлучува државната комисија за спречување на корупција, а начинот на кој што се именувани членовите, остава простор да смееме дека навистина ќе се влијае врз вршителите на судиската функција на овој начин, бидејќи ќе може под одредбата "може да влијае врз непристрасноста", да се смета дека постои судир на интереси. Што сакаме ние? Да дефинираме што е судир на интереси, или пак за секое лице на кое што треба да му се изврши притисок во неговата работа, да се изнајде начин дека во одредена ситуација нешто може да влијае врз неговата пристрасност и да се водат вакви постапки, во јавноста да се девалвира итн. И токму за тоа сметам дека е голема грешка што министерот за правда не го прифати овој амандман заради тоа што, законот уште во старт при донесувањето се девалвира како текст што ќе овозможи политичка пресметка на власта со опозицијата, но не само со опозицијата, туку и со третата независна власт, а тоа е судската власт.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Навистина после една расправа која што ја водевме овде во Собранието после повторување на првата фаза за донесување на овој исклучително значаен, законски проект во Република Македонија според декларациите и намерите кои што сите политички партии, посебно власта и Владата на Република Македонија во овој момент искажуваат за потребата и за важноста на донесувањето на овој закон. Така и пратеничката група на СДСМ и ние потписници на овој амандман сериозно пристапивме кон анализа на текстот кој што беше доставен до пратениците, впрочем со цел за да направиме максимум во вградување на забелешките кои што ги истакнавме во првата фаза од делот на донесувањето на законот за судир на интереси. Може да се констатира дека дел од забелешките кои што беа дадени има прифатено, меѓутоа има дел на одредби кои што се сменети, или воопшто ги нема во овој текст од предлог законот останува и во Собранието на Република Македонија и дел на одредби кои што навистина можат да се толкуваат на различни начини, субјективно во делот на оценка на судирот на интереси што впрочем ќе преставува проблем во применливоста на овој закон кој што треба да биде сосема јасен, прецизен, применлив во практиката и на тој начин да можеме да ги постигнеме посакуваните ефекти.

Сакавме сосема прецизно и до крај да биде дефиниран поимот на судир на интереси, се со цел да можеме по донесувањето на овој закон да констатираме дека секој одделен случај ќе може на многу ефикасен начин да биде детектиран, тоа да биде применливо во праксата и понатаму да имаме ефикасни резултати со донесувањето на овој закон и директно во борбите против криминалот, корупцијата и тн, во Република Македонија,затоа што еден од сегментите е токму овој закон за судир на интереси, што впрочем ќе мора да ревидира многу сегашни настанати состојби во Република Македонија и многу сегашни односи кои ги има во моменталната состојба и во другите органи во Република Македонија. Навистина неприфатливо е во делот на дефинирањето на поимот за судир на интереси да се употребува терминот "може", од кој термин оставаме субјективно да оценува поединец или одреден орган што значи судир на интереси, дали може или не може да влијае врз непристрасноста при вршењето на работите од јавен интерес. Тоа што за вас почитуван министер е може, за мене или некој друг е не може, или обратно, тоа што за вас е не може за мене или за некој друг може да биде може и директно ќе наидеме на проблеми во примената. Мислам дека со ваков начин на дефинирање на поимите се крие нешто сосема друго. Јас навистина се плашам до можноста субјективните оценки да ги нарушат мотивите на законодавецот при донесувањето на овој закон за спречување на конфликт на интереси во Република Македонија, а со тоа спречување и на некои други дејствија кои можат да се случуваат. Од тој аспект, понудивме дефиниција која беше дадена во претходниот текст во Собранието, судирот на интереси да биде строго дефиниран, според дефиниција која што ја дадовме, значи постои "кога службеното лице има приватен интерес да влијае врз непристрасноста на вршењето на неговата функција и врз заштитата на јавниот интерес". Тоа се глада и од текстот на амандманот, тука се гледа која беше намерата, не суштински да менуваме нешто во законот, туку да го допрецизираме. Очекував дека министерот овој амандман ќе го прифати, заради тоа што е исклучиво заради подобрување на текстот на законот и за неговата примена. Бидејќи тоа не се случи не знам од кои причини, или барем не понуди доволно аргументи пред Собранието на Република Македонија и пред јавноста дека ваквиот недефиниран до крај термин на судир на интереси ќе оди во прилог на Република Македонија и нејзините граѓани, дека ќе оди во прилог на она што нам ни е намерата навистина да оневозможиме судир на интереси во Република Македонија во делот на делувањето во извршната, законодавната или било која власт во Република Македонија.

Заради тоа, мислам дека пратениците од парламентарното мнозинство, барем оние кои останаа уште во парламентарното мнозинство, да ја погледаат важноста на овој амандман, значењето на прецизното дефинирање токму на поимот "судир на интереси" и да го поддржиме овој амандман, а со тоа јасно и недвосмислено ќе укажеме на исполнувањето на декларациите, дека сме за донесување на ефикасен закон кој ќе биде применлив во праксата по делот на судирот на интереси. Доколку тоа не се прифати од страна на парламентарното мнозинство без некои посебни аргументи, како што тоа го направи министерот, мислам дека ќе остави голем сомнеж кај мене овој

закон дека може да се применува во одделни случаи, а тоа да не се прави во некои исти или слични случаи кога ќе бидат доведени во прашање интересите на власта и на парламентарното мнозинство. Инаку, без никакви посебни аргументи јас не сум убеден и не можам да верувам дека ваквата дефиниција не остава простор за манипулација подоцна во делот на законот за конфликт на интереси, а токму заради тоа овие амандмани кои ги поднесовме со колегите, значи не само овој туку и наредните амандмани, ги поднесовме водени од идејата да направиме квалитетен закон кој го најавувавме, кој се очекува во Република Македонија и да ги видиме првите ефекти од овој закон. Ако ставаме вакви непрецизни одредби кои зависат од субјективното мислење на поединец или од субјективното толкување, кое можеме да го насетиме во одредбите од овој закон, мислам дека не сме направиле ништо и само ќе ни се брои дека донесовме уште еден закон, закон за судир на интереси, меѓутоа, во практика тоа нема да донесе ништо добро за граѓаните на Република Македонија.

Заради тоа барам колеги пратеници од парламентарното мнозинство вие да го поддржите овој амандман и да имаме јасна одредба на почетокот што значи судир на интереси во смисла на овој закон, да не оставиме дилема ниту кај пратениците, ниту дилема во јавноста дека може да се толкува одделна одредба според субјективното мислење на одреден носител на функција или од страна на комисијата која треба да одлучува. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Кондарко пак се јави за збор, значи по втор пат.

**Борис Кондарко:** Јас се извинувам навистина што по втор пат се јавувам за збор по овој ист амандман, меѓутоа, ќе направам дополнителен напор навистина со аргументи да се убедиме или усогласиме со министерот за правда, затоа што има простор, според репликата на министерот, за такво нешто.

Сметам дека ќе биде штета доколку за вака навидум техничка работа, меѓутоа клучна работа, не го поправиме и не го прецизираме законот, бидејќи уште еднаш ќе повторам министре, констатиравме дека и на опозицијата и на Владата како предлагач во однос на суштината на амандманот и објектот на заштита на одредбата за јавниот интерес и за влијанието на непристрасноста во одлучувањето е иста, и тука одредбата од законот не се менува, останува оној дел од реченицата, зборчето “може да влијае”, кое прејудицира идно несвршено време. Затоа, не сакам да употребувам некои некоректни зборови кои ќе се однесуваат посебно на целото Министерство, верувам дека службите кои го работеле законот во Министерството не разбираат нас како предлагачи која ни е целта и образложението, меѓутоа, сепак последниот збор го има минитерот за правда во име на Владата. Ова е премногу очигледно да може лошо да се толкува и да биде изместена главната цел на кој се однесува оваа одредба, меѓутоа, велам и целиот овој закон, затоа што ова е амандман кој се однесува на една од најважните одредби од Законот која го дефинира судирот на интереси. Насловот на овој закон е, пак ќе повторам, за противставување на судирот на интереси, спречуивање на судирот на интереси. Мислам дека се разбравме за најсуштественото, мислам дека со ваквиот амандман за бришење на овие зборови кои можат да остават простор за неправилна примена и толкување, ќе се постигне целта со прифаќањето на овој амандман и што е најважно, затоа што овде во Собранието има некои чувство дека кога предлага нешто опозицијата априори сакаме да и наштетиме на власта или сакаме да водиме дневна политика на ова ниво против власта. Ова е многу сериозен закон за да си го дозволиме тој луксуз. Не барајте задни или скриени намери, политички намери во овој амандман. Навистина, ако е потребно да извршите дополнителни консултации, мислам дека можеме да се усогласиме за ова и сите заедно да добиеме подобар закон, затоа што вака испраќа вие сте моментално на власт, овој закон не се однесува за опозицијата, си ја сечете гранката на која седите. Не ни е целта на ваков начин да ја водиме битката, користејќи ги слабостите на законот кои вие самите ги предлагате. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Господин министре,

Во функција на поддршка на амандманот сосема накратко да се обидам и јас да дадам уште една промоција на амандманот и да се обидеме да го убедиме парламентарното мнозинство да гласа за овој амандман.

Верувам дека е јасно на сите во Република Македонија дека ако некој има интерес овој закон да се донесе, тоа е СДСМ, бидејќи после седум-осум дена од објавувањето во Службен весник 34 функционери ќе бидат разрешени и бидете уверени дека сето ова што го правиме е за да се подобри законот и дека во овој момент ниту сакаме да одолговлечеме, ниту сакаме да направиме нешто што оди во спротивност на нашите заложби и заложбите на сиге граѓани за хармонизирање на законодавството со ЕУ, но сакаме овој закон да го подобриме и да иде закон кој ќе важи не само за оваа, во овој момент климава власт и коалиција, туку ќе важи за сите понатаму.

Затоа, дефинирањето на судирот на интереси, и во првата фаза реков, е изместено и повеќе личи на злоупотреба на службената положба отколку судир на интереси и затоа амандманот што моите колеги од СДСМ го имаа дадено во тој прилог, стручно и прецизно да се разграничи или да се даде најприкладната дефиниција за судир на интереси, каде може да се гледа и алинејата 2. Не

е интенцијата во материјалните добра што ќе ги добие службеното лице, туку напротив, оштетувањата или штетите што ќе се направат на државата со злоупотребата од страна на службеното лице, а ние сакаме со судирот на интереси тоа да го спречиме. Знначи апсолутно овој закон е една од мерките што одат во прилог на успешно сузбивање на корупцијата, од таа болест долго време е нагризувано мкедонското општество и затоа многу сериозно пристапивме кон промовирање на овие амандмани во прилог на воспоставување на рамка во која сите ние некогаш ќе се најдеме. Заоа овој амандман точно и прецизно го дефинира судирот на интереси што претставува клуч и име на законот. Секјоа дилема што постои во одреден закон за жал многу пати е злоупотребувана, а што повеќе дилеми оставаме во самите членови во законите, тогаш не можеме да се надеваме на успешна борба и справување со овој дел на корупцијата, а тоа е спречувањето на судирот на интереси.

Затоа, мислам дека парламентарното мнозинство наместо да прашува дали денес ќе завршиме, нека го прочита амандманот. Мислам дека е добро за сите ако насловот на законот одговатра на дефиницијата што е дадена како прва во законот,бидејќи после тоа целиот закон лежи практично на таа дефиниција и лошо е ако на првата дефиниција имаме дилема дали Владата сака да остави подотворена врата за поинакво толкување на некои работи.

За жал, ние сме сведоци во овие осум месеци, односно во последниве три-четири месеци дека Државната комисија за спречување на корупцијата има некои свои толкувања врз база на такви дилеми што постојат во Законот за спречување на корупцијата. Затоа, да не дозволиме и во овој закон, кој е еден од клучните закони во борбата против корупцијата, во решавањето на многу болести што го мачеле македонското општество овие 16 години, да погрешиме и да се сопреме уште на првата дефиниција. Верувам дека и моите колеги го кажаа тоа, јас би сакал да повторам дека овој закон почна да се работи со невладини организации, тогаш таков единствен каков што беше транспарентно, без јасни јавни дилеми и недоречености меѓу нив. Беше дел од ТАЕКС програмата ако не се лажам. Како пратеници учествувавме во изработката на различни фази и тогаш оваа дефиниција не постоеше, туку постоеше дефиниција за судир на интереси што е сега предложена како амандман од пратеници од пратеничката група на СДСМ. Мислам ека недореченоста нема да ни донесе добро. Суштината на судирот на интереси нема да го погодиме, нема да го погодиме ни со тоа што алинејата 2 ќе остане дека е тоа материјалната состојба на функционерот и членовите на неговото семејство, а не да го штитиме јавниот интерес,што мислам дека е тука поосновна или поглавна задача на законот.

Затоа, да апелирам до парламентарното мнозинство, нека го прочита амандманот, мислам дека оваа дефиниција е многу поиздржана, е дефиниција што постои во други закони во други земји, беше дел од подготвителните фази кога се работеше овој закон со невладините организации и мислам дека ќе наиде попрецизна, поточна и појасна имплементација на законот во иднина. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Навистина веќе со министерот нема што да се дебатира со оглед на тоа дека за овој амандман сега треба да одлучат пратениците и јас сакам сосема на кракто да дадам подршка на овој амандман, а се надевам дека тоа со гласањето ќе го сторат и пратениците од парламентарното мнозинство, затоа што почитувани колеги пратеници, ако денес дебатираме за еден закон за кој сите се согласуваје дека доир една многу чувствителна материја и од друга страна е од особено значење за Република Македонија и за сите процеси кои понатанму ќе се случуваат во неа, односно законот за судир на интереси. Сакам да напоменам дека немаше пратеник во ова Собрание кој во првата фаза не саде поддршка за донесување на еден ваков закон, меѓутоа, не знае човек дали е подобро законите да се носат во една или две фази, иако ние инсистираме и логично би било да се носат во две фази, но тоа да има резултати, односно кога дебатираат пратениците без разлика дали се од парламентарното мнозинство или опозицијата, забелешките да бидат вградени односно претставниците на Министерството, вклучувајќи го и министерот, да обрнат поголемо влијание на забелешките кои се искажуваат од парламентарната говорница. Всушност, само така може да се постигне некој резултат да имаме подобрување на законот. За жал, не само што голем дел од забелешките не наоќаат место и не се вградени многу песто добиваме и акони кои во одредени членови се можеби и полоши од она што сме го имале претходно како предлог на закон или работите остануваат помалку јасно дефинирани, како што е случајот со овој закон на повеќе места.

Во конкретниот случај, почитувани колеги пратеници навистина не знам што беше спорно прво од страна на министерот да се прифати овој амандман, или само поради тоа што доаѓа од пратениците од опозицијата, а не гледам што е спорно и пратениците од парламентарното мнозинство да го прифатат, бидејќи се наогаме на самиот почеток, каде што се дефинира значењето на поимите и изразите употребени во овој закон.

Ако тука не можеме да се согласиме овие поими да бидат попрецизни понатаму да не оставаат можност за двосмислено толкување и понатаму да не се доаѓа во ситуација законот да наиде на

тешкотии во својата имплементација, тогаш навцистина не знам што понатаму останува каде што имаме некои забелешки кои, исто така, парламентарното мнозинство да ги смета за неприфатливи, мислејки дека суштински нешто ќе се промени.

Овде би сакала да кажам, за разлика од мојот почитуван колега Јани Макрадули, јас не го делам неговиот оптимизам дека тие 35 функционери, со стапување во сила на законот, ќе бидат повлечени од своите функции затоа што, очигледно е дека парламентарното мнозинство апсолутно не води голема грижа ниту за имплементацијата на законите во онаа насока каде што нив не им одговара, ниту пак им е познат зборот непотизам, туку напротив тие си ја завршуваат работата така како што сметаат, поставувајки ги своите најблиски роднини на високи државни функции, како на централно, така и на локално ниво. Ако треба да се почитува овој закон, почитуван колега Макрадули, не само тие 35 функционери, туку само на локално ниво, еве да го земеме Прилеп, ќе треба да се повлечат најмалку десетина луѓе кои се вработени, значи блиски вработени, а точно се коси нивното поставување на тие функции, со овој закон. Ако ве интересира можам и по име и презиме да ви ги набројам сите тие, но сега не сакам со тоа да ја замараме македонската јавност. Но, почитувани колеги, ако се остава можност, со зборови како што се “влијае” или “може да влијае”, се повеќе кај мене се наметнува дилемата дека законот го носиме само поради тоа што претставува обврска од Европската унија, парламентарното мнозинство нема намера да го имплементира законот во целост и да ги повлече функционерите кои се поставени на високи државни функции, а нема да бидат во согласност со овој закон. Можеби токму поради тоа се оставаат, како што реков, некои недоречености и до крајнедефинирани поими.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збборор има пратеникот Борис Кондарко, по трет пат.

**Борис Кондарко:** Да јас по втор пат ќе се извинам, земам збор за истиот амандман, меѓутоа мислам дека е многу битен амандманот, впрочем по неколку минути трае зборот и нема да одолговлекувам, не ми е тоа целта и намерата, меѓутоа сепак имам право, неограничен број пати како пратеник да се јавувам и воопшто ние пратениците да се јавуваме, до колку има потреба.

Ќе се обидма уште еднаш, навистина, добронамерно за да се усогласиме, реков, затоа што има можности и простор за тоа, да испровоцирам и дебата кај претставникот на Владата, но и со конкретен пример да се обидам да прашам, да видам како овој член би се применувал во пракса. Конкретно, ние како опозиција би ја прашале Владата или јас овде би го прашал министерот, како би го примениле делот од одредбата која вели: “кога приватниот интерес влијае или може да влијае врз непристрасноста во извршувањето на работите на службеното лице”. Значи она “може да влијае”, нешто претпоставено, апстрактно и т.н. Значи јас или опозицијата велиме или ја обвинуваме власта и велиме да, може, влијае, а министерот односно власта на тоа одговара, не, не мора, не може, не влијае.  Сега што добиваме тука како резултат на примената од законот, чиј збор ќе биде појак, или чиј збор ќе биде последен или валиден. Сигурно треба да се водиме од објективни критериуми, а не од силата на владеачкото мнозинство затоа што го применува законот, е во состојба да ја диктира примената на законот. Меѓутоа, да не заборавите, јас ќе ве прашам уште нешто. Против кого вие го носите овој закон. Вака испаѓа против самите себе си, затоа што реков, овој закон не е за опозицијата. Ние мораме да направиме закон подеднакво за сите, без разлика кој е власт, кој е опозиција. Во оваа ситуација вие и оставате и зошто и оставате простор, со вакви недоречености во законот, на опозицијата да ве критикува и давате можност на опозицијата да шпекулира, да ве осомничува и да ве обвинува. Значи, повторувам, примарната цел не е дневната политика опозиција-власт, за примената на овој закон и не е најголемото зло на оваа Влада непотизмот. Тоа е еден од помалите проблеми. Ние како опозиција нема на непотизмот да ја рушим еоваа Влада. Значи, почитуван министре, навистина добронамерно, размислете, нема никаква политична позадина. Впрочем за тоа и се согласивме во претходното излагање по овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 63 пратеници, за гласаа 13, воздржани 2, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнаот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 апинеја 5, поднесен од пратениците Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Оливер Спасовски, Славица Грковска и Владо Бучковски.

Го молам претставникот на Владата, министерот за правда, да се произнесе.

**Михајло Маневски:** Господине претседателе, најпрвин им благодарам на пратениците што во расправата до сега констатираа дека многу предлози што беа дадени во претходната расправа, се вградени во законот.

Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата го прифаќа овој амандман.

Според тоа амандманот станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 апинеја 6, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каровска.

Го молам претставникот на Владата, министерот за правда, да се произнесе.

**Михајло Маневски:** Владата го прифаЌа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата го прифаЌа амандманот и според тоа тој станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов аалинеја 8 по алинеја 7, поднесен од пратениците Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Оливер Спасовски, Славица Грковска и Владо Бучковски.

Го молам претставникот на Владата, министерот за правда, да се произнесе.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа амандманот од причини што непотизмот е уреден во членовите 4 и 5 од Законот за спречување судир на интереси. Мислам дека уредувањето на поимот, така како што е предложено, нема да биде прифатено.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор пратеникот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Пред да почнам да зборувам за овој амандман, ќе го искажам задоволството од соработката на министерот што вториот амандман го прифати, на членот 3 алинеја 5, кој беше многу битен амандман и добро е ако така продолжиме да соработуваме за овој закон, иако жалам што претходниот амандман не беше прифатен.

Конкретно амандманот на член 3 алинеја 7 со кој предлагаме да се додаде нова алинеја 8 која гласи дека се додава зборот непотизам односно дефиницијата за непотизам која не знам од кои причини беше содржана во истиот член воовој закон предложен од Владата во јануари оваа година, кога законот беше предложен во прва фаза, сега тоа го нема. Зборот непотизам беше содржан во членот 5, а сега воопшто, во оваа втора фаза во текстот на законот никаде не се спомнува зборот непотизам, иако министерот даде едно образложение, меѓутоа не знам каде чита. Излегува дека ние како опозиција, нешто што читаме не е така, важи читањето на министерот. Меѓутоа, ќе се обидеме да докажеме дека треба да се прифати овој амандман затоа што еден од начините за борба против судирот на интереси е елиминирањето на непотизмот. Значи Владата тргна со една таква дефиниција, јас го имам, се разбира тоа не е официјална верзија, меѓутоа го имам и првичниот драфт текст предложен од Министерството за правда, што го разгледуваа политичките партии пред да биде доставена првата фаза во собраниска процедура и тука дури со болдирани букви, во членот 3 каде што се дефинираат поимите на овој закон, стои дефиницијата за непотизмот.

Ние со овој амандман не бараме ништо друго освен да се врати истата таа дефиниција што при изработката на овој закон, првично Владата и Министерството имале намера да ја вметнат во законот, подоцна не знам од кои причини, се пишманиле или се предомислиле, си се пречрачунале дека не е добро за нив во овој закон за спречување судир на интереси, да стои и непотизам.

Конкретно, амандманот што го предлагаме, неговиот текст гласи: “непотизам во смисла на овој закон се подразбира повластување на блиски лица, кои се дефинирани исто така во поимникот, при одлучувањето и влијанието во добивањето на раководни места и функции, на сметка на други лица кои треба да имаат првенство поради знаењето и стручната подготовка, за извршување на тие раковни места и функции”.

Значи, уште еднаш да консултирам, за непотизмот овде се повикуваме на првичната замисла на Владата, го користиме токму нивниот текст и формулација дека непотизмот се врзува со поставување на блиски лица на функции и на влијание при добивање на работни места односно вработување, како што и смата Влада тоа го дефинирала.

Сега во втората фаза никаде не се спомнува зборот непотизам за истиот збор во членот 5, во заграда, се употребува во првата фаза, во јануари о.г., од страна на Владата. Сега членот 5, во втората фаза, е сосема видоизменет, има сосема нова конструкција, ставот 2, во однос на тоа што смее службеното лице, а што не смее е преработен и дефиниран во алинеи, во потточки и тоа е добро, бидејки е попрегледно и немаме замерка на тоа. Меѓутоа, зошто, иако ниеа бараме да се прифати овој амандман, во членот 3 каде што е поимникот и каде што се дефинираат поимите, како што беше и во драфтот. Во првата фаза, место во членот 3 беше опфатено тоа во членот 5. Сега го нема ни во членот 5 ни во членот 3.

Мислам дека тоа што го прави Владата е несериозно. Не знам дали сака да демонстрира ситуација, според онаа народна приказна -”држте го крадецот”, или од типот на приказната “царот не е гол”, не знам, но министерот доека беше тука, сега дојде замениокот, не даде образложение зошто не е содржан зборот, а кама ли дефиницијата за непотизам, во втората фаза на овој закон. Значи, ако навистина тргнавме 50:50 би рекол, еден амандман беше прифатен еден одбиен, за вака клучни работи да имаме соработка со предлагачот. И ако е искрена намерата да се бориме против судирот на интереси, една од најчестите манифестациони форми на судирот на интереси е токму непотизмот, а непотизмот ниево претходниот период различно, и политичарите и оние што требаше да го применуваат законот за спречување на корупција, го толкуваа и применуваа, така што имаше некои ситуации и оправдано и неоправдано во јавноста да се води

дебата за некои поединечни случаи и т.н. Токму за да го избегнеме тоа , предлагаме, кога веќе се носи прв пат во Република Македонија ваков закон што ја дефинира и регулира оваа област, да стои конечно во еден пишан текст, во законска одредба и поимот и дефиницијата за зборот непотизам. Значи зборот непотизам се однесува на вработувањето на блиски лица, влијанието при вработувањето односно поставувањето на раководни функции. Не знамкако понатаму ќе се бори Владата и колку и е искрена намерата да се бори против судирот на интереси, кога еден вака значаен поим не е содржан во закон и дали навистина има намера да се бори изошто воопшто го доенсува овој закон кога последниве години наназад многу беше модерно да се говори за непотизам, меѓутоа ние сакаме конечно тоа да биде законски опфатено за да нема простор за манипулации инепрецизни толкувања, етикетирања, неосновани или основани, за оној што ќе го спроведува законот, да биде во позиција да има аргументи, до колку постои таков случај на непотизам. Затоа, уште еднаш апелирам, со наведените аргументи да биде прифатен овој амандман, бидејки законот добива смисла и добива целина. Во спротивно, имаме основ како опозиција да се сомневаме дека Владата проформа практично ги донесува законите, или некои одредби од законите, со цел да се прикаже дека нависитна е за борба против судирот на интереси, како дел од борбата против организираниот криминал и корупција, што е еден од главните приоритети на Владата, а од друга страна подлегнува со првиот предизвик кога треба да се соочи за да го донесе законот. Основ за ваквото сомневање е што самата Валда, а не опозицијата, еднаш го предлага, еднаш го повлекува. Се разбира ние како опозиција гледаме политичка позадина во сето ова затоа што Владата стравува дека ќе иамме дополнителна можност, до колку постои поимот непотизам и дефиницијата, во овој закон, како опозиција ќе можеме поостро да ја критикуваме и да ја напаѓаме Валдата за најзините кадровски решенија и кадровска политика.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Мери Младеновкса Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновкса Ѓорѓиевска:** Благодарам претседателе.

Навистина, не ме чуди фактот што претставникот на Владата не го прифати овој амандман. Тоа само уште повеќе укажува на оправданоста на нашиот став како претставници на опозицијата, да бараме внесување на одредба во законот која ќе го дефинир атерминот непотизам.

Јасен ни е ставот на Владата затоа што ако ова го дефинираме и точно го пропишеме во закон, најпрво Владата треба да тргне од своите редови, па другите органи на управа каде навистина постои непотизам, за да го дефинира првин непотизмот во своите редови, а како резултат на тоа ќе треба и многумина функционери да останат без своите функции.

Јас нема да навлегувам во објаснување на самиот поим “непотизам”, затоа што на сите оние што не им е познато имале време до расправата, зборувам за колегите пратеници да го проучат потеклото на зборот и да знаат што значи терминот непотизам. Во минатото навистина се покажа дека непостоењето на јасна дефиниција за тоа што е непотизам, можеше многу волонтеристички да се набројуваат илјадници случаи каде што наводно постојат, всушност не постои непотизам и обратно сега кога во многу случаи кај претставниците на власта постои непотизам и за тоа да не може конкретно да се превземат мерки затоа што конкретно овој термин не е дефиниран во закон.

Реков јасен ми е ставот на Владата, но тоа не е добро решение ниту за власта, ниту за Република Македонија. Ова ќе ја чини власта, можеби не сега во моментот, меѓутоа понатаму, затоа што во пракса некои работи се многу повидливи од тоа што можеби на почеток ни изгледа. Јас ќе го прочитам предлогот кој што со колегите го дадовме со овој амандман, а тоа е: “Во членот 3 по алинеа 7 да се додаде нова алинеја која гласи “непотизам во смисла на овој закон се подразбира повластување на блиски лица при одлучувањето и влијанието во добивањето на раководни работни места и функции на сметка на други лица кои треба да имаат првенство заради знаењето и стручната подготовка за извршување на тие раководни места и функции”. Значи овој предлог е јасен и овој предлог за дефинирање на поимот непотизам не значи оневозможување на блиските лица кои исто така се дефинирани во овој закон, тоа нема да го читам, кој е кругот на блиски лица, не значи оневозможување на блиските лица да најдат вработување, или пак да заземат некои функции ако тоа навистина го заслужуваат со оглед на своето знаење, стручните квалификации, туку наспроти постоење на непотизам ќе има тогаш кога тие лица немаат според реалните, објективните критериуми да ги задоволат условите на тоа работно место, а сепак се избрани. Значи, овозможуваме со дефинирањето на поимот непотизам од секакви влијанија да бидат заштитени лицата, граѓаните во Република Македонија кои претендираат согласно своето знаење, стручни квалфикации и искуство на одредено работно место и иако се можеби најдобри ќе бидат загрозени од некои лица, кои без да ги задоволат тие критериуми поради некакво друго влијание се избрани на одредени работни места, или пак функции.

Сметаме дека тоа не е добро и за граѓаните на Република Македонија и за политичките партии, меѓутоа, гледано и од аспект на евроинтегративните процеси на Република Македонија, заради тоа тоа што се случува и во Владата на Република Македонија и воопшто кај власта навистина реално е видливо.

Јас не се согласувам со ставот на претставниците на Владата дека под судир на интереси, или пак

по дефинирање на судир меѓу приватниот и јавниот интерес е содржан и терминот непотизам. Апсолутно не. Ќе прочитам што е пропишано во закон како судир меѓу приватниот и јавниот интерес. Дефинирано е дека тој судир постои кога во вршењето на службено или друго дејствие директно или индиректно се влијае врз материјаните и нематеријалните интереси на службеното лице, или врз интересите на членовите на неговото семејство. Не е точно, бидејќи овој термин на непотизам е многу пошиорк од она што е тука наведено како судир меѓу приватниот и јавниот инетрес. Навистина, сметам дека после долгите дискусии и дебати во јавноста, или пак користење на овој термин непотизам од страна на медиумите треба да се овозможи точно да се дефинира што значи тоа непотизам, за да може дури и во медиумите и во јавноста кога се дефинира, или кога се претпоставува дека постои непотизам тој да се објасни како термин пропишан согласно закон.

Не знам зошто претставниците на Владата имаат страв од ваквиот обид да се дефинира што е тоа непотизам ако непотизмот не е дефинран досега во други закони, а веќе во реалноста ни создава простор. Не траба да имаме изговор дека не е дефиниран во закон, па сега не треба и во овој закон да го пропишеме. Токму законот за спречување судир на интереси е законот во кој треба да се дефинира и овој термин за да се спречи користење на одредена позиција или влијание при вработување на блиски лица кои не го заслужуваат тоа, а имаат многу други кадри кои реално би требало да ги заземат тие позиции. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Гледам дојде до смена на министерот со заменикот на министер, веројатно поучен од претходното искуство заменикот минстер знае дека е втора фаза сега и тој нема да го прочита воведното образложение од некој поранешен заменик министер, а можеби министерот за правда замина токму кога дојде овој амандман, бидејќи можеби тој ќе се судри со судирот на интереси како член на Државниот судски совет, евентуално ако некое слично или исто презиме се најде како кандидат за некоја позиција во следниот период каде што тој треба да избере.

Значи, останува дилемата и тоа ќе треба Владата да го објасни во јавноста зошто во јануари 2007 година мислела дека зборот непотизам требало да се нагласи, болдира, и напише во законот, тоа да го предложи во Собрание, а во април 2007 година кога е поднесен законот во Собранието тој збор да го нема, или целиот тој концепт да исчезне во рок од три месеци.

Не мислам дека причината е во тие три месеци да се направени толку вработувања, унапредувања, кои што би се судриле со зборот непотизам, бидејќи тие се направија од првиот ден. Значи останува дилемата на која што, во овој случај министерот за правда или премиерот во четврток можеби на пратенички прашања, или во функција на транспарентност, што оваа Влада ја промовира да кажат зошто за три месеци зборот непотизам и дефиницијата на концептот непотизам станала толку безначајна.

Од друга страна јас се согласувам донекаде, да не испадне реплика или ја префрлуваме топката со мојата колешка Роза Топузова Каревска дека таа е песимист во однос на имплементацијата на законот. Мислам дека е тука клучот. Вистинската транспарентна политика што оваа Влада ја прокалмира наводно во борбата против корупцијата ќе биде имплементацијата на овој закон и дали ќе биде доблесна 34-те функционери, сопрузи, братучеди до втор стрепен, што ги дефиниравме со прифаќањето на амандманот ќе бида повлечени од функциите, тоа ќе биде доказ дали дали ова, во овој момент климаво парламентарно мнозинство ќе опстои на принципите на транспарентност и борбата против корупцијата.

Непотизмот стана маша во политичките пресментки аргументирани и неаргументирани. Во минатото сме сведоци кога иако родителите на некои деца работеле уште кога тие не биле родени во некои институции тоа да биде прогласувано за непотизам, но од друга страна кога прв братучед ќе биде именуван на седница на Влада во кршлива, или во многу осетлива безбедносна структура, уште и згора на тоа именуван и во извршниот комитет на партијата на власт, тогаш е прашање зошто јавноста не е погласна, зошто јавноста не е потранспарентна и зошто јавноста не ги користи алатките кои што и се најмоќни, а тоа е јазикот на слободниот говор и мисла.

За жал, многу често прокламираниот збор “транспарентност” се судри во овие десетина месеци од страна на власта со неколку постапки. Губењето на зборот непотизам е еден од нив. Би сакал да ја потсетам јавноста и парламентарното мнозинство во прилог на подршка на овој амандман што го барам од нив во услови кога министерот за правда не го прифаќа е тоа што оние невладини организации што траба да се грижат за борбата против корупцијата, за поголемата транспарентност, за Државната комисија за спречување на корупцијата, за жал, нивната будност се заменува со решавање на проблеми од минатото. Основната функција да бидат будни коректори на она што се случува, како се трошат парите, дали тие наводно наводи што ги наоѓа надзорен одбор избран од Владата, за тоа дека 500 илјади евра се ненаменски потрошени за реклама е предмет на институциите на државата или не. Дали е нормално министерот за финансии јавно да пушта писма до Берлин, што се случува во организацијата Транспарентност која се грижи за овие работи. Чудно е кога ќе се укажува на непотизмот што постои во владинот мнозинство, а потоа министерот за финансии да испраќа писма во Берлин наводно што се случува или кои работи се

проблематични во ограницацијата Транспарентност и токму тие проблематични работи настанаа тогаш кога ВМРО-ДПМНЕ и Трајко Славески дојдоа на власт во Република Македонија. Инаку, до периодот кога беа опозиција тогаш им одговараа, но во моментите кога почнаа да ја прозиваат Владата и за непотизмот и за премногу трошењето на финансиски средства во кампањи, значи ова е Влада со најмногу потрошени средства за пијар, државни пари, од граѓаните на Република Македонија е тогаш транспарентност и Антикорупцискиот фронт во Република Македонија ни смета и тогаш мислиме дека е нормално, или дека е европски министерот за финансии во Берлин да се жали на поединците од нив, организацијата Транспарентност во Република Македонија.

Мислам дека и тука сме го отвориле овој проблем кога се обидувале и некои пратеници од НСДП да одбранат зошто некој со исто или слично презиме се вработиле сега, во овој период во институциите во Република Македонија. Токму овој амандман ги решава тие работи. Значи, амандманот што го предлагаме зборува за знаење, за стручна подготовка, за извршување на раководни места и функции. Значи, да не ги спречиме, да не ги уништиме добрите, квалитетните, но да ги спречиме оние кои се и нестручни и не се соодветни по образование со одредени позиции кои во овој момент ги заземаа.

Имајќи го овој амандман многу полесно, или прифаќајќи го овој амандман многу полесно може да се одбрани именувањето на господинот Горан Трајковски за директор на Управата за јавни приходи. Многу полесно. Ова ќе ги одговара на Владата. Не може да го одбрани првиот братучед на господинот Груевски, не може да го одбрани синот на пратеничката Дулиќ, ама ќе го одбранеше господинот Трајковски, заради својата историја што ја има во Управата за јавни приходи. И полесно ќе му беше за многу други работи, но вака немајќи го овој амандман ќе останат тие 34 функционери, не е коректно сега јас да ги именувам, кои што ќе бидат, или ќе траба да бидат согласно законот разрешени. Значи, ние можеме да донесеме било каков закон, добар или лош, идеален нека биде, но од имплементацијата зависи. Тоа не го велиме само ние од опозицијата, тоа е порака што доаѓа постојано од Брисел. И тука сме ја цитирале неколку пати изјавата на господинот Оли Рен, “во трчањето може некогаш и да се погреши, затоа не брзајте со масовно носење на закони, туку носење на квалитетни закони кои можат да се имплементираат и може да се применат”. Јавноста ќе поверува на решителноста на парламентарното мнозинство да превземат некои чекори во борбата притив корупцијата или непотизмот како дел од судирот на интереси и борбата притив корупцијата доколку тоа со свој личен пример и го направат. Јас сум свесен дека голем дел од рејтингот против претходната власт се градеше и на климави аргументи поврзани со непотизмот. Немањето на јасна дефиниција, немањето на дефиниција што ќе биде дел од законот повторно ќе остави просто ние овде за жал, да се етикетираме и обвинуваме, или да зборуваме на прес-конференции. Или пак, Државната комисија за спречување на корупција да не ја стави главата во песок како ној кога има точки кои што се јасни и регулирани со други закони.

Значи, откако СДСМ на прес-конференција објави и во првите 100 дена и на дргуите прес-конференции листа, имиња на луѓе кои што според нас и според јавноста, и стручна и експертска јавност, или оние што можат да влезат во непотизмот побара од нас како политичка партија со допис 12-1376/1 од 27.12.2006 година список на тие имиња. И без разлика ние што релативно брзо одговоривме, во јануари месец, имињата нема никаква реакција. Надвор од законскиот рок, од 30 дена, ние се уште не знаеме што се случува со спотот “добра фризура” кој што ако не сте забележале го нема на телевизија подолго време, откако СДСМ даде претставка до Државната комисија за српечување на корупција за активностите поврзани околу креирањето на спотот на министерот Трајко Славески. И бидејќи оваа институција не работи, значи ние чекаме од јануари да имаме одговор, можеби писмото што сме го испратиле до Државната комисија за спречување на корпуцијата за непотизмот на 25 јануари коинцидира за тоа од јануари зборот “непотизам” за оваа Влада не постои и затоа во априлскиот тексто воопшто и го нема, а дефиницијата што ја даваме ќе разреши многу дилеми, ќе тргне многу сомнежи, ќе олесни пред се на добрите, квалитетните луѓе кои што се именувани на некои позиции во овој момент во државните институции, или во Владата од Владата на Република Македонија. Јас мислам, а и на Комисијата за политички систем беше зборувано дека Владата како писмен одговор има дадено дека 18 директори на јавни здравствени установи имаат приватни фирми на свое име, или на нивните сопрузи. Има многу пострашни работи што го нагризуваат државниот буџет заради судирот на интереси. Да ве потсетам, претседателот на управниот одбор, директорот на Инвест македонија каде што имаме поплава од инвестиции, не знаеме како да ги собираме, кој е член на управен одбор во Тутунски комбинат Прилеп, член е на уште еден управен одбор. Тие се пострашни работи, тие повеќе го нагризуваат државниот буџет отколку повеќе да етикетираме некои квалитетни луѓе заради непотизам.

Овој амандман е добар за да ги заштитиме нив. Не е лош, не е даден од опозицијата да ја продложи дебата. Напротив да понуди поквалитетно решение, закон кој што ќе може да се имплементира полесно, закон кој што ќе направи јасна дистинкција кој заради професионалниот денк раунг стигнал на таа позиција што ја има, а кој како паднат по случаен избор, извлечен од некоја лотарија дошол на некоја позиција каде што ни стручно, ни

професионално одговара на квалитетите или перфомансите што таа позиција ги нуди.

Затоа апелирам до парламентарното мнозинство повеќе работа ќе завршат за многу функционери кои што се именувани, а се квалитетни, кои што го заслужуваат напредувањето, кои што ќе ги заштитат од разни етикетирања кои што по медиумите можат да се јават случајно или не, но затоа, ќе ги спречат оние што не одговараат со професионални карактеристики да дојдат на раководни исклучително важни позиции во државната администрација.

Затоа би апелирал до парламентарното мнозинство да го прочита амандманот. Јас знам дека не можеме да ја вратиме назад работата и сега заменик министерот тоа да го прифати, да го прочита парламентарното мнозинство амандманот, да размисли можеби и за паузата дали ова повеќе ќе им користи или не, дали ова повеќе ќе дефинира некои работи или не, и полесно да почнеме да го спроведуваме и да го имплементираме законот за судир на интереси. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господин Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе, дозволете ми од името на пратеничката група на ЛДП да изразам на самиот почеток поддршка на нашите колеги, од проста причина што сметаме дека со прифаќањето на овој амандман во голема мера ќе се подобри текстот, односно ќе стане многу појасно што е тоа непотизам, односно темата која што беше омилена во периодот кога сегашната власт беше во опозиција и тема според која доби многу поени во јавноста.

Интересно е како веднаш по изборите по петти јули истите сфаќања за терминот непотизам, истите мерила, истите стандарди за терминот непотизам се променија, па така одеднаш, блиските луѓе на парламентарното мнозинство, односно на власта веќе не се роднини, туку се највалитетните луѓе кои што работат во јавните претпријатија во Република Македонија.

Сметаме дека апсолутно треба да се прифати овој амандман, затоа што доколку не се прифати овој амандман, ние и понатаму ќе лутаме како политички субјекти на оваа сцена на Република Македонија, ако сакате како стручна или како нестручна јавност и како стручн и нестручни новинари, што е тоа непотизам и со една голема леснотија да ги жигосуваме луѓето кои што во голема мерка имаат квалитет да бидат на местото каде што сега се наоѓаат.

Она што јас можам да го согледам и да го ставам на маса пред целата македонска јавност се две аргументи. Едниот е да го цитирам премиерот на една од своите предизборни обраќања, а тоа е следното. Веднаш по доаѓањето на ВМРО ДПМНЕ на власт, Владата решително ќе се справи со непотизмот кој што денеска царува во Република Македонија. Тоа е изјава на Никола Груевски, тогашен пратеник, лидер на опозицијата во Република Македонија.

Денеска, пред целата јавност најодговорно тврдам дека ако дискутирам или го гледам терминот непотизам според оној стандард кој што дискутираше тогашната опозиција дека ова е влада со највисок степен на непотизам во своите редови од плуралистичка Македонија. И доколку некој има други аргументи од парламентарното мнозинство или претставникот на Владата, молам да ме разубеди и јас ќе се извинам пред целата македонска јавност.

Затоа мене воопшто не ме чуди што за разлика од претходниот текст сега воопшто и го нема терминот, а камо ли да се прифати, како што кажа почитуваниот колега, објаснувањето за тоа што значи терминот непотизам.

Јас сега би го замолил претставникот на Владата, бидејќи очигледно тие најдобро знаат што всушност значи овој закон, што всушност значат овие амандмани и што всушност ќе се имплементира од кога ќе биде изгласано, а очигледно ќе биде изгласано од страна на парламентарното мнозинство. Што ќе се случи со двата примери што јас ќе ги дадам како најеклатантни, а ги кажуваше колегата Макрадули. Дали во било која претходна Влада сме имале пример каде што вице премиер на Влада на Република Македонија именува сопруг за директор на Управата за јавни приходи. И притоа добиваме објаснување следно: дека кога на таа седница се именувал дотичниот господин, вицепремиерката во тој момент се изземала од гласање. Немам коментар, бидејќи мислам дека и не треба да се коментира, односно повеќе од јасно е како може да се третира оваа изјава. Или дали сме имале пример каде што првиот човек на Владата, т.е. премиерот, т.е. претседателот на Владата на Република Македонија си го поставува својот прв братучед за директор на Управата за безбедност и разузнавање. Сме имале ли до сега таков пример во плуралистичка Македонија. Да или не. Во право е опозицијата, или можеби лаже или покрива некои детаљи кои што не сака да ги открие, а ги правела во своите редови.

За да биде уште полоша целата работа со последниот пример, каде што се поставува прв братучед во една сфера која што е исклучително чувствителна, исклучително битна, веднаш по критиките дека се врши партизација во државната администрација и се врши партизација на овие особено чувствителни места, дотичниот господин стана член на највисокото раководство на ВМРО ДПМНЕ. Значи се додава плус, се одбегнува главната критика која што стигна од Брисел. Ова го кажувам затоа што овде пред нас во овој Предлог на закон лево стои знамето на ЕУ, значи веднаш по критиката дека имаме партизација на државната администрација следува назначување на наведениот господин за член на раководството на ВМРО ДПМНЕ.

Јас сакам да ми се одговори доколку е можно. Инсистирам претставникот на Владата да ми каже дали по имплементирањето, или како што беше кажано откако овој закон ќе биде објавен во

службен весник, ќе си замине вицепремиерката, или ќе си замине директорот на Управата за јавни приходи, или во вториот случај ќе си замине премиерот, или ќе си замине братучедот. Или ќе останат на очиглед на целата македонска јавност да сведочат за тн., борба против непотизмот во Република Македонија. Или треба да го жигосуваме парламентот кој што стана расадник за нечии синови. Можеби и јас сакам моето дете иако е сега мало да има завршено факултет, не за она што е потребно, туку да биде адвокат на едно од најбогатите претпријатија во Република Македонија. Или примерот што беше со царината. Мене ми е сосема јасно дека актуелнот рејтинг на Владата е многу висок. И тоа е за почитување и треба да се признае. Тој делува како магла која што ги сокрива сите дубиози кои што се случуваат од страна на актуелната Влада. Но, таа магла кога ќе замине еден ден, ќе излезе на површина сето тоа што се прави во овој момент во Република Македонија од страна на Владата. Ако се сака искрено да се бориме заеднички, или ако сака Владата заедно искрено да се бориме против непотизмот во Република Македонија, треба да го прифати овој амандман на опозицијата, кој што утре при евентуална смена, дали ќе биде утре или задутре, не е битно, смена на политичката гарнитура ќе важи за онаа позиција која ќе дојде на власт. Значи за самите нас ќе важи секоја Влада, без разлика од кои политички структури е формирана во дадениот момент. Значи, или овие закони кои што ни се нудат овде од страна на Владата, а особено имаат специфична тежина затоа што го носат знакот на ЕУ и во контекст на тоа дека е усогласување со Европското законодавство, или ќе ги имплементираме и ќе кажеме дека сакаме да ги имплементираме само со зборови и толку, или ќе ги имплементираме со дела каде што можеме вистински да кажеме дека се вистинска имплементацвија. И дури тогаш, и дури така ќе ја убедиме домашната и меѓународната јавност дека ние навистина во Република Македонија, односно Владата во Република Македонија се бори против непотизмот.

На крајот да не должам бидејќи доаѓа и паузата, би го замолил претставникот на Владата во овој момент во Парламентот да земе збор и да ни објасни дали ќе си замине вицепремиерката или нејзиниот сопруг, дали ќе си замине премиерот, или ќе си замине неговиот прв братучед. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас. Има збор господин Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** После паузата би зборувал.

**Љубиша Георгиевски:** Објавувам пауза за ручек.

(По паузата седницата продолжи во 15,07 часот).

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, ќе продолжиме со работа.

По редоследот на пријавените има збор пратеникот Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер, реков дека интенцијата на пратениците на СДСМ и на подносителите на овој амандман беше да имаме што поквалитетен текст на законот кој што понатаму ќе биде применлив во практиката. Тоа го образлагавме и во текот на расправата по првиот амандман. Заради тоа што мислевме дека и сеуште мислиме и убедени сме дека останува не до крај прецизирана оваа одредба од законот и ќе остави можност за одредени злоупотреби. Меѓутоа, сега кога разговараме за овој амандман кој што се однесува на непотизмот, односно на дефинирањето на поимот за непотизам изненаден сум што воопшто е изоставен од овој текст на Предлогот на законот. И второ, што Владата нема слух да го прифати овој амандман се со цел да ги додефинираме одредени поими кои што се и те како потребни за ефикасната примена на законот кој ќе стапи на сила. Заради тоа мислиме дека во членот 7 од текстот на законот треба да стои и дефиницијата во делот на непотизмот што претставува непотизам, појава на која што често пати се повикуваа сите, меѓутоа најмногу се повикуваше сегашното парламентарно мнозинство кога беше опозиција, кога вие господине министер бевте дел од Комисијата за спречување на корупцијата и тогаш се посочуваа примери за непотизам, па дури и изјавата која што овде ја цитираше и колегата Жерновски на сегашниот премиер, дека многу жестоко ќе се спротивстави на борбата во делот на непотизмот кој што царува во Република Македонија. За жал имавме шанса да видиме и ние и граѓаните на Република Македонија дека премиерот е избран да се бори против непотизмот кој што царува, туку да биде царот кој што ќе создава непотизам во Република Македонија и понатаму. Мислам дека токму и заради заштита на одредени носители на функции, јавни личности во Република Македонија треба да биде прифатен амандманот со кој што ќе дефинираме што е тоа непотизам како што е дадено во амандманот да се подразбира повластување на блиски лица, формулација која што е поимот текст на законот со случувањето и влијанието во добивањето раководни работни места и функции на сметка на други лица кои треба да имаат првенство поради знаењето и стручната подготовка за извршување на тие раководни места и функции. Неприфаќањето на овој амандман и воопшто бришењето на дефинирањето на поимот непотизам во Предлог-законот уште еднаш ги потврдува моите сомнежи дека нема искреност во намерите за причините кои што се наведуваат за донесување на овој закон за судир на интереси, како што немаше искреност ниту во донесувањето на други многу важни закони во делот на борбата против организираниот криминал и корупцијата и кога расправавме за Законот за спречување на корупцијата и тн. Мислам дека со неприфаќањето на овој амандман не само што сакате да ги спасите поединците кои што сега се на одредена позиција и функција во Република Македонија: братучедите, синовите, сопруги, сопрузи и тн., тоа

е една бројка која што СДСМ ја објави преку соопштение од партијата, меѓутоа и многу такви случаи на непотизам во Република Македонија кои што посебно земаа замав во последните шест, седум месеци. Мислам дека правите двојна штета во тој дел. И за мене е сосема јасно дека несакано одредени луѓе кои што според своите заслуги, според квалификациите кои што ги имаат се на одредени позиции во Република Македонија, да ги заштитиме, туку напротив однапред признавате дека актуелната власт на одредени позиции има поставено луѓе кои што веројатно немаат ниту соодветна квалификација, не се стручни, не се компетентни. Едноставно станале дел од извршната власт и носители на јавни функции заради тоа што се блиски до премиерот, блиски до одредени министри во Владата, нивни роднини. И на тој начин им ставивте етикета на сите тие дека исклучиво по таа логика на непотизам и на блискост со одреден функционер во Владата станале на функциите кои што ги имаат. Веројатно по принципот на онаа народната: ако вујко ми е владика, ќе станам поп. Исклучиво тој принцип. Заради тоа што ако прифатевте во законот да го дефинираме поимот непотизам, ако јасно го дефиниравме поимот на судир на интереси во овој закон, ако според дефиницијата на непотизмот и согласно одредбите од овој закон точно се утврдеа одредени носители на функции кои што се поставени на несоодветен начин и притоа бидат загрозени позициите на други луѓе кои што можеле да бидат на соодветната функција заради квалификациите кои што ги исполнуваат, а не станале, мислам дека самите признавате за нестручноста, некомпетентноста, неквалитетот во делот на носителите на функциите, а тоа двојно повеќе ќе биде и во делот на вработувањето на оние огласи кои што ги гледаме перманентно во весниците во Република Македонија, веројатно тоа ќе се одрази во делот на активните политики т.н. кои што Владата постојано од оваа собраниска говорница не убедува дека тоа е начинот на кој што ќе се решава проблемот со невработеноста. Меѓутоа, веројатно на сопствените блиски и роднини. Мислам дека Владата и во овој дел како и премиерот пропушти да направиме добар закон, да направиме нешто добро за Република Македонија, да имаме една солидна оценка во делот на носење на квалитетни закони кои што ќе бидат применливи пред се водејќи се од личните теснопартиски и дневно политички интереси во функцинирањето воопшто на оваа Влада. Тоа за мене, а верувам и за јавноста во Република Македонија воопшто не е чудно. Реков на овој начин мислите дека ќе се спасат сите оние, или барем ќе ги спасите сите оние кои што беа на одредени функции и сеуште се наоѓаат таму, веројатно планирате да останат и понатаму. И тука ќе дојде до израз зборот “може” во дефиницијата на судирот на интереси и тука за мене судир на интереси ќе биде за братучедот на премиерот Груевски, биде прв човек на Агенцијата за безбедност и разузнавање. Додека веројатно за него и за Владата тоа нема да биде судир на интереси. Тука ќе биде можноста субјективно да се толкува тоа “може”, дали има судир на интереси тоа што вице премиерот Коневска Трајковска го поставила својот маж за директор на Управата за јавни приходи, тука ќе бидат многу субјективни “може”. За опозицијата со сигурност дека има, меутоа за Владата дека нема никаков судир на интереси. Во многу други случаи кои што постојат во моментот во Република Македонија и во многу други случаи кои што се подготвуваат, или се веќе на завршување одредени огласи и конкурси кои што ги распишавте во овој период. Со ова само уште еднаш покажувате дека целта на носењето на овој закон не е да имате ефикасен закон со кој што ќе се справиме со овие појави кои што ја уназадуваат Република Македонија постојано во овие 17 години за кои што постојано сме укажувале сите ние како политички партии, меѓутоа очигледно е дека на ниво на декларации останува сето тоа . И ова што како пратеници од СДСМ реков го анализиравме детално Предлог-законот, ги поднесовме овие амандмани се со цел да направиме квалитетен и применлив закон, закон кој што нема да биде во можност да има злоупотреба на одредени одредби и правилно да бидат толкувани. Од тоа ќе имаме корист сите ние како пратеници, најмногу ќе има корист Република Македонија и нејзините граѓани. Мислам дека почитувани колеги пратеници од парламентарното мнозинство сериозно треба да размислите пред гласањето за овој закон. Она што не го направи Владата и премиерот да се бори против непотизмот кој што царува во Република Македонија, туку стана цар во делот на непотизмот. Дајте барем вие малку со вашата совест нека проработи и да го усвоиме овој амандман се со цел да добиеме закон кој што ќе одговара на очекувањата и на пратениците, меѓутоа и на очекувањата на граѓаните. Во спротивно мислам дека носиме само закон заради закон и ништо повеќе од тоа, закон кој што ќе се брои на листата на донесени закони кои што многу тешко ќе се применуваат, закон за кој што уште еднаш ќе ни кажат дека нема квалитет, закон кој што нема да спречи појави за кои што знаеме дека ја уназадуваат Република Македонија 17 години, и тоа смислено и преку овој текст понатаму продолжуваме да го правиме. На таков начин мислам дека сериозно ја загрозуваме европската иднина на Република Македонија. За тоа ќе носиме одговорност сите ние, меѓутоа најмногу вие кои што преземате одговорност за водење на Република Македонија во овој период.

**Иван Анастасовски:** Има збнор пратеникот госпоѓа Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе, во прилог на амандманот поднесен од страна на моите колеги пратеничката група на СДСМ сакам да упатам директно прашање до претставникот на Владата овластен да го брани Предлог-законот што Владата го достави пред нас за усвојување и

на кое за жал повторно со неподнослива леснотија е маркиран со знамето на Европската унија. Значи тоа е обврска на Република Македонија да донесува закони хармонизирани со европското законодавство. Но, што се случува? Во членот 3 каде што се обрботени одделните поими употребени во овој закон помеѓу првата фаза од овој закон до втората која сега ни се нуди загина, го нема веќе терминот непотизам. Да потсетам, терминот непотизам е една од главните компоненти за спречувањето на судирот на интереси. Во образложението кое министерот за правда го достави до нас вели, дека откако Собранието на Република Македонија ја одржа својата 30-та седница на која јасно едногласно е утврдена потребата за донесување на ваков закон и е задолжена Владата од страна на Собранието пред нас да го достави Предлог-законот, во вториот став во образложението стои цитирам: "Постапувајќи по овој заклучо Министерството за правда го подготви Предлогот на закон при што ги имаше предвид и предлозите што беа изнесени на расправата на седницата на ЗПК". Бидејќи тука е колешката претседател на ЗПК во Собранието на Република Македонија, јас би молела за дециден одговор. Каде и во кој момент се изгуби поимот непотизам, или кој сметаше дека поимот непотизам не заслужува да биде обработен во членот 3 на овој Предлог-закон како една од клучните компоненти доколку сакаме да донесеме закон кој ќе е применлив на терен, односно кој ќе спречи појава на конфликт, односно судир на интереси кај носителите на јавни функции. И за што тоа е направено? Дали е констатирано дека државните функционери поставени од страна на Владата на Република Македонија и те како имаат констатирано тешки случаи на непотизам. Да потсетам, во седмата глава од Програмата од предизборната Програма на ВМРО која сега е званична Програма за работа на Владата на Република Македонија добро е обработено доброто владеење и борбата против корупцијата. Новата Влада веќе господинот мандатар, господинот премиер Груевски вети дека ќе има три основни принципи во своето работење: чесност, транспарентност и одговорност и вети дека на првата седница ќе донесе акт за одговорност на Владата. Цитирам, тоа е акт кој ќе обезбеди да се направат коренити промени во однос на општото однесување и работење на Владата, организираниот криминал и корупцијата. И потенцирам, премиерот Груевски во својата предизборна кампања вети дека ќе донесе строги прописи за забрана на лобирање од страна на функционери, министри и сл. за стекнување на лична корист. Генерално, лобирањето вели Груевски ќе биде уредено со закон како во најразвиените држави од Европската унија. Тоа е овој Предлог-закон кој што сега треба да го изгласа Собранието, закон за спречување на судир на интереси, закон во кој министерот предвидува дека апсолутно е непотребно да се цени појавата на непотизмот како една од генераторите за создавање на судир, односно конфликт на интереси.

Веќе стана добра пракса претставниците на Владата да доаѓаат тука не за да го образложат својот предлог туку едноставно да соопштат дали некој од амандманите кои толку упорно и совесно ги подготвуваме се со една цел да ја подобриме структурата на законите кои ги донесува ова Собрание како најконструктивна и одговорна опозиција, господинот Маневски со неподнослива леснотија кажа дека амандманот е неприфатлив за Владата, без образложение. Можеме ли да замислиме дека нависитна Владата на Груевски сериозно има намера да се справи со сите пројавени случаи на судир, конфликт на интереси како генератор на корупцијата во Македонија до колку не го третира терминот непотизам. Навистина се обидувам да изнудам господинот Маневски, министерот за правда на Република Македонија да образложи во кој момент е избришан терминот непотизам од Предлог законот за спречување на судир на интереси, со оглед на тоа што во првата фаза која беше понудена пред нас на разгледување постоеше, за во втората кога навистина треба да го донесеме овој закон да го нема, а Владата истовремено смета дека овој амандман е неприфатлив. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник господин Александар Николовски, но не е присутен во салата.

Има збор пратеник госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседател.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер за правда,

На самиот почеток би сакала да се заблагодарам за прифаќањето на амандманот од страна на министерот за правда, зборувам за претходниот амандман иако беше доста логично тој амандман да биде прифатен, затоа што се работеше за усогласување на два членови, односно два става од два различни членови, членот 3 и членот 16 и сега со тоа се подобри текстот на законот. Не се менуваше нешто суштински, но во секој случај подобро да го знаат тоа и колегите од Законодавно-правната комисија, кога нешто не е логично, не е применливо во законот, тоа треба и да се поправи.

Да ја искажам и мојата подршка на овој амандман и навистина не знам зошто и овој амандман не е прифатен од страна на министерот, до толку повеќе што во никој случај не може да му штети на законот, туку напротив, како што беше кажано и претходно, во голема мера може да го направи поприменлив, односно полесен за имплементација и не мора секогаш да гледаме од лошата страна на нештата, ако се плашат колегите од парламентарното мнозинство дека има нешто лошо во овој амандман, туку напротив, јас гледам дека со вака дефинираниот амандман јасно ќе се разграничи и еднаш за секогаш што значи непотизам. Да бидам искрена, под зборот непотизам почна се и сешто да се крие и да се

именува со тој збор. Не значи непотизам ако некој кој е со соодветно образование, кој што е стручен и компетентен во некоја област се најде на некоја позиција, на која бидејќи ги исполнува сите критериуми може успешно да ја обавува таа функција. Но непотизам почитувани колеги е кога некој кој што нема соодветно образование, а само поради тоа што е близок роднина на некој повисок функционер се најде на тоа место, или пак не мора да биде само функција, нека биде вработен. Ние имаме илјадници случаи во овој момент низ цела Македонија каде што тоа се случува.

Јас не се обраќам овој пат до колегите пратеници да го прифатат овој амандман, затоа што најчесто кога ќе почнат пратениците веќе да зборуваат, тоа значи дека амандманот е одбиен од почитуваниот министер и сега ние нема што повеќе со него да дебатираме, ние треба да ги убедиме колегите пратеници. Ама како да ги убедам колегите пратеници, кога добар дел од нив свои блиски роднини има ставено на позиции. Како да ги убедам кога сопрузи на пратенички, кои биле исто како оние стечајни работници кои со месеци седат пред врата и никој не настојува да разговара со нив, а и од разговорот нема големо фајде туку да се соберат сили да се решат проблемите-кога исти такви сопрузи стечајни работници се вработени во локалната самоуправа на високи функции. Значи тоа е веќе колеги непотизам, зошто баш тие а не енкој друг. Токму со овој амандман ќе се разграничат тие работи и ќе можеме да знаеме кога станува збор за непотизам, а кога не. Само така ќе поверувам дека навистина оваа Влада она што гокажуваше во своите предизборни ветувања сака да го спроведе на дело сега кога ја има таа можност и само така ќе поверувам дека овој Предлог на закон за спречување на судир на интереси, кој што го носи знамето на Европската унија, се донесува се со една единствена цел, да биде во целина имплементиран, да се спречи судирот на интереси и да може Македонија како земја да се помести од последните места на корумпираните земји на листата каде што се наоѓа. Се друго е само декларативна заложба. Ако сакаме почитувани колеги да се бориме против корупцијата, прво треба тоа да го покажеме со нашите примери, не овде да седиме удобно, работите да си течат по оној редослед како што течат, нашите блиски, сопрузи, први братучеди и други поблиски и подалечни роднини за овие 7-8 месеци откако се пратениците од парламентарното мнозинство дел од власта, да се вработуваат, да се наоѓаат на високи функции и со тоа да кажеме дека водиме борба против судирот на интереси. Особено го прават она истото за кое што беа најгласни во минатиот мандат, односно дури имаше и во медиумите - да ги потсетам колегите кои беа пратеници во тој мандат - ВМРО-ДПМНЕ имаше платена рубрика “Непотизам”, во која беа пријавувани имиња на блиски и подалечни роднини на тогашни функционери и тоа функции кои што ги немаа, туку беа измислувани од страна на ВМРО-ДПМНЕ се со една единствена цел да го срушат рејтингот на тогашното парламентарното мнозинство, односно на функционерите, вклучувајќи ги и пратениците од тогашното парламентарно мнозинство. Сега оваа опозиција не го прави тоа, затоа што не мисли така, не мисли да се служи со невистини и не мисли да ги троши парите од народот со тоа што ќе ги губи деновите, времето со непотребни работи.

Токму поради ова почитувани колеги пратеници, ако сакате да докажете дека не е ова што го зборувам вистина, ако нависитна сакате да се борите со непотизмот, сакате да ставите крај на една практика која, еве да кажеме, подолго време во минатото се применувало во Република Македонија и до некаде придонесувала за оваа ситуација во која сега се наоѓаме, тогаш ќе го притиснете копчето и ќе се изгласа овој амандман, реков се во име на вистината, затоа што само така, само со закон се води борба против корупцијата, само така можеме да направиме да имаме држава која ќе биде по мерка на сите граѓани. Не се води битка против корупцијата со тоа што една цела категорија на луѓе ќе ги оцрниме, професионалци, со тоа што сега ќе бидат на удар сите доктори и ќе им биде буквално страв да примат пациент и да го прегледаат, незнаејќи како и што може да се изреагира, утре ќе бидат на ред судиите, другиот ден универзитетските професори. Тоа почитувани колеги не е борба против корупцијата. Со вашите примери ќе докажете да, ќе го изгласаме законот за судир на интереси, ќе го прифатиме овој амандман и потоа сите наши блиски роднини - мислам на пратениците од парламентарното мнозинство кои се наоѓаат на одредени функции, или кои во меѓувреме се вработени, ќе ги повлечеме од местата каде што сега во овој момент се наоѓаат, а се дојдени не поради тоа што поседуваат такви стручни квалификации, не поради тоа што се стручни и компетентни, туку само заради тоа што се нечии браќа, први братучеди, сопруги и сопрузи.

Очекувам да се надминете самите себе си, да ме демантирате во ова што го кажувам и да го изгласате овој амандман. До колку тоа не го направите, ова што до сега јас го говорев и моите колеги пратеници од опозицијата го зборуваат, она што го зборуваше мојот колега од ЛДП значи дека не само што е вистина, туку вие не сакате да и погледнете на вистината во очи и не сакате да се борите против непотизмот и судирот на интереси. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам потпретседателе.

Во своето прво обраќање, сметајќи дека тоа е познато и на претставниците на Владата и за да не одземам многу време во својата дискусија, кажав дека нема да го елаборирам значењето на зборот непотизам, меѓутоа, морам да признам дека бев инспирирана и од дискусиите на

колегите кои во повеќе наврати поставуваат директни прашања на претставниците на Владата, прво министерот, потоа заменик министерот, еве повторно министерот е тука пред нас, но за сите тие прашања не добивме никаков одговор. Навистина се зачудувам од таквиот став и немањето желба да се одговори на пратениците, иако тоа е обврска на претставниците на Владата, или пак од една страна е немањето желба, но јас повеќе би рекла немањето аргументи. Токму затоа, а и заради македонската јавност, ќе укажам на значењето на зборот непотизам и на потеклото. Значи тоа не е нешто што не можело да остане непознато на претставниците на Владата, за да имаат храброст да го внесат во законот. Едноставно овој збор потекнува од латинскиот збор “непоте” што значи внук, а преносно привилегирање на внуци и други роднини при стекнување на вработување. Исто така доаѓа зборот и како резултат на привилегирањето на блиски роднини и внуци од страна на папите при стекнување на работа и одредени должности. Значи овој збор има одредена историја низ вековите и токму затоа сметам дека не може да биде непознат ниту како значење, а уште помалку како потреба на Република Македонија.

Значи дека Владата навистина сака, со тоа што нема овој термин да биде дел од законската регулатива, нема да биде законска одредба, да има можност буквално што сака да прави при доделувањето на одредени функции на лица кои што не ги задоволуваат условите што се пропишани со закон, туку ги задоволуваат другите критериуми, а тоа значи блискост со некој друг функционер, партиски приврзаник или член на ВМРО-ДПМНЕ.

Морам да појаснам дека ние со овој закон или со поднесувањето на овој амандман како пратеници не се залагаме за нарушување на уставниот принцип за право на работа на секој граѓанин под еднакви услови, бидејки така е дефинирано во членот 32 - секому под еднакви услови му е достапно секое работно место, тоа е уставна обврска и таа уставна обврска треба да биде регулирана соодветно и во законите секому под еднакви услови да му биде обезбедена работата, нормално, со задоволување на одредени критериуми што ги пропишуваат законите.

Овој амандман значи користење на влијание во добивање раководни работни места и функции на сметка на други лица. Значи кога ќе се доверат раководни функции на лица кои не би требало да бидат именувани и избрани на тие функции и до колку не се во некакви блиски роднински и пријателски врски со лицето што ги фаворизира. Не знам зошто ни пречи овој амандман. Мислам дека би било многу полесно и на тие што се на функција, кога ќе има една ваква одредба, да се оградат при ветувањата или преземањето на дејствија за оние лица кои можеби доаѓаат кај нив и ги молат да бидат вршители на одредена функција. Тоа само ќе ни помогне на сите, и на опозицијата и на позицијата моментно, но најмногу на сите нас како граѓани заедно, затоа што ние сме граѓани на Република Македонија. Тоа што ги тангира граѓаните исто така се однесува и на нас како пратеници, разликата е само што ние можеме своите ставови овде да ги кажеме во Парламент и на одреден начин да влијаеме во донесувањето на законите. Со ваквиот став на Владата априори кога се одбиваат амандманите, всушност се сведуваме на тоа да го кажеме својот став, но тоа да нема реална завршница. Точно е дека некои амандмани можеби се прифаќаат, но ако се земат во целина текстовите и ако се направи селекција на амандманите што се прифаќаат и оние што се одбиваат, секако ќе првагнат оние кои што се одбиваат, иако според квалитетот и содржината која што ја нудат навистина можат да влијаат на подобрувањето на законските текстови. Ставот што еве денес имаме можност да го гледаме и да го слушнеме од претставниците, или пак да не го слушнеме од претставниците на Владата во однос на прашањата што и ги поставуваме, само уште повеќе не уверува дека оваа Влада нема намера да отстапи од начинот на работа кој го имаме сега, да биде опкружена само од луѓе што се бројат на една рака или на две раце, а сите останати да бидат неми извршители на тоа што овие петорица или десетмина ќе го мислат или ќе го наредат. Тоа секојдневно го гледаме и овде во Парламентот. Токму затоа сакам да укажам, посебно на вас колеги од позицијата, прочитајте ги амандманите, следете ги нашите дискусии. Се виде, местата овде се менливи, токму и затоа зборуваме, зборуваа и моите колеги претходно. Овие амандмани не ги предлагаме само заради тоа што сме сега опозиција. Било кој може да биде и позиција, може да биде и власт, сите се менуваат, но треба да донесуваме квалитетни закони чиј што век на траење и потреба, примена ќе биде многу подолга од тоа што се нашите моментални функции, бидејки тие се менливи. Најмалку неприфаќањето на овој амандман треба да се изврши под изговор дека законот значи усогласување со Европска унија и ќе прифатиме се што значи усогласување со Европска унија, а не и останатото. Токму ова значи усогласување со Европската унија, да имаме прецизни одредби каде што прашањата прецизно ќе бидат дефинирани и секој случај што ќе се појави во пракса да можеме точно да дефинираме дали е согласно законот или не е. Вака оставаме простор, како што и претходно споменав, да имаме растегливи норми кои секој ќе може да си ги толкува како што сака, во зависност од својата позиција, а на крајот никој нема да има интерес од тоа, може само Република Македонија да биде губитник.

Затоа уште еднаш колеги пратеници апелирам до вас навистина сериозно да ги слушнете нашите ставови што ги искажуваме и да го подржите овој амандман. Благодарам.

**Иван Анастасовски:**Благодарам.

Има збор пратеник господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван министер, без намера да ги повторувам дискусиите на моите коелги од пратеничката група, би сакал, провоциран токму од овој збор и од поранешните случувања поврзани токму со оваа појава и колку полемики се развиваа и се развиваат сеуште во јавноста со оваа појава, да го кажам своето мислење во прилог на добивање мнозинство во Собранието за овој амандман и по можност, до колку осети министерот за потреба, да даде некое образложение, некој силен аргумент кој навистина, еве, нека не биде за нас, нека биде за јавноста, да ги побие оние сомневања кои се јавуваат со отфрлање на овој амандман со кој го внесуваме зборот непотизам како клучен параметар во идните потенцијални корупттивни однесувања на службениците.

Би сакал да се потсетиме малку на минатото, значи, да полимизираме, ако треба за минатото, како непотизмот како тема беше широко експлоатиран од страна на медиумите и тогашната опозиција кога Владата на Социјалдемократскиот сојуз и коалиционите партнери ја практицираа власта на Република Македонија, да се потсетиме колку насловните страни на весниците се полнеа барем на почетокот на мандатот на таа Влада, банални случаи на членување во управни одбори на споруги на некои од пратениците итн, и мораше за еден краток временски интервал од недела дена да дадат оставки и се воспостави еден принцип и во Владата и во тогашната коалиција дека нема ни подалечни роднини да членуваат во некои такви органи и тела во кои се претпоставува дека ќе има некој судир на интереси, заради роднинската врска. Што се случи? Таа тема не преставуваше да се експлоатира. Дури имаше смешни и банални случаи кога некој новинар ќе ви се јави на телефон и ќе ви посочи дека вашиот комшија бил назначен за директор на некое училиште и вели дали не гледате во тоа навистина еден силен непотизам, кога истиот тој комшија бил директор на тоа училиште уште пред 20 години. Таа тема никогаш не спласнуваше, секогаш беше потенцирана и подгревана во тогашната опозиција. И во ред, тоа беше политичка борба, во ред е да се отвараат такви теми, во ред е во така исполитизиана јавност како што е македонската, секогаш да се даваат жешки теми на јавни дебати, при тоа често пати, најчесто шпекулативните шушкања да бидат користени во ваква или онаква цел.

За време на изборната кампања, сегашнта владеачка ВМРО-ДПМНЕ излезе со своја програма во која ги дефинира принципите на намалување на корупцијата во македонското општество и во крајна линија остави некои постави, барем на хартија, со пишани тензии, некои аргументации како се осмислува намалување на корупттивното однесување. Во таа смисла јас лично ја подржувам сегашната Влада решително да се справува со тие корупттивни дејствија и во таа насока овој закон кој денес е пред нас и кој треба да биде основен инструмент на таа заложба на Владата која ја напишала во својата програма, да биде подобар, да биде поквалитетен, да му дадеме уште еден механизам, уште едно оружје во рацете на Министерството, на Владата, на овој Парламент, со внесување на одредбата на непотизам што го подразбираме како повластување на блиски лица при одлучување и влијание во добивање на раководни места и функции, на сметка на други лица кои треба да имаат првенство поради знаењето и стручната подготовка за извршување на тие раководни места и функции. Но, што е сега реалност? Едно е пишаниот документ, друго е кога ќе почнете да ја практицирате власта, кога ќе имате силни притисоци од страна на роднини, од страна на пријатели, од страна на сопартици, од страна на коалициони партнери во кој се бара дел на колачот. Субјективно или објективно, секогаш ќе доаѓате до одредена раскрсница на која раскрсница треба да донесете одлука. Одлуката во крајна линија секогаш ќе биде осудена од овие интересни групации што претходно ги набројав, но најповеќе ќе биде осудена од страна на јавноста. Затоа нашето чудење е уште поизразено бидејќи сме биле обвинувани дека потенцијално непотизмот секогаш ќе го ставаме под тепих. Сме докажале барем во тој сегмент. И на почетокот ако имало некои примери биле корегирани. Во текот на 4 годишното владењее воопшто не постоеле, но биле широко експлоатирани и употребувани од тогашната опозиција. Сега имаат можност пред јавноста да покажат поинаков начин на работа, но со индигнација го одбиваат тоа затоа што реалноста, примерите кои ги наброија и дргите пратеници од страна на опозицијата при дискусијата по овој амандман, покажуваат дека непотизмот на голема врата е вгнезден во сегашната владеачка гарнитура. Тоа е можеби пресилна констатација но примерите ја подржуваат оваа констатација. Нека се изгласа законот, ќе видиме како ќе се имплементира. Ние сме тука да ве потсетуваме и да ја потсетуваме македонската јавност дека е потребно да се корегирате во тој поглед. Повелете, демантирајте, барем вербално удостојте ја јавноста која не слуша, зошто да се одбие тоа, ако оваа коалиција во практицирањето на распределбата на јавните функции не го практикува. Затоа апелирам, или министерот, бидејќи е речит, бидејќи често пати знае да интервенира, нека даде образложение, нека каже свој став, или пак мнозинството од парламентарниот состав, нека ни се придружи во позитивното гласање на овој амандман за да направиме еден поквалитетен закон, да ја увериме јавноста која и така нема баш преголемал доверба во политичарите, уште помала доверба во овој парламентарен дом, барем според сите анкети секогаш се наоѓаме на последното место, да ги уверме дека со наш пример даваме еднакви можности, еднакви шанси на секој човек без притоа да ја користиме политичката поволна функција која ја имаме во

одлучувањето за да дадеме простор за наши блиски лица.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Со оглед на тоа што многу се кажа, јас ќе бидам исклучително краток во оваа дискусија.

Група пратеници од СДСМ поднесоа амандман за кој расправаме, со кој се бара во законот чиј наслов е спречување на судир на интереси, да се дефинира, покрај одредбите што е судир на интереси, што е судир меѓу приватен и јавен сектор, што е корист, лична корист, подарок, јавен интерес, блиски лица итн, формално да се дефинира и поимот непотизам. Само да потсетам беше кажано дека поимот непотизам беше спомнат во претходната верзија која Владата ја достави до Собранието. Во меѓувреме добивме закон кој поимот непотизам веќе не го содржи а Владата не го прифаќа амандман кој има добра намера и кој, не знам со што отстапува од суштината на судирот на интереси во Република Македонија, од страна на предлагачот, или можеби треба да толкуваме дека ова црно бело знакче со симболот на Европската унија подразбира дека овој амандман се одбива затоа што непотизмот не е во согласност со европските норми, иако тука не гледам што е усогласено со европските директиви, затоа што е празен формуларот што ни е досавен.

Господине потпретседател, господа претставници или претставник на Владата, јас од тоа извлекувам еден заклучок, а тоа е дека Владата не го пишувала законот во втората фаза со цел да спречи судир на интереси на власта во Република Македонија, туку втората фаза на законот ја прилагодила на состојбата што владее во Владата на Република Македонија, а таа во овој момент е состојба со сериозни факти за непотизам, да не ги набројуваме.

Сега Владата направила закон кој го прилагодила на стварноста со цел да ја легализира стварноста која значи непотизам во Република Македонија и затоа во законот нема да има непотизам. Значи Владата нема политичка волја.

Јас ги разбирам моите колеги кои од петни жили се трудат да објаснат колку е потребно тоа да стои во законот. Меѓутоа, ако Владата нема политичка волја да се бори против непотизмот и во законот го легализира непотизмот во Владата, тогаш состојбата со Република Македонија е изгубена. Меѓутоа, еден ден една Влада ќе го санкционира непотизмот, затоа што вака работите не можат да се движат понатаму. Не можете вие луѓе кои се приви братучеди, од двајца браќа или од брат и сестра, а имаат контролни функции еден врз друг во законот да не ги санкционирате дека има судир на интереси. Владата нема политичка волја да се соочи со фактот дека брачни другари, еден со друг се назначуваат и се контролираат. Тоа е чист непотизам. Меѓутоа, јасно е дека Владата нема политичка волја. Таа сака да направи закон не да ја подобри ситуацијата, туку да направи закон со кој ќе каже имаме закон, меѓутоа не тиче нам се, за да не се случи после тоа некој да побара согласно законот, во Владата да дојде до отстранување на непотизмот, Владата во законот вели непотизмот јас нема да го тангирам. Тоа господине министер е ужасно тешка состојба за Република Македонија затоа што вие сакате да ја легализирате непотистичката пракса што ја воведе оваа Влада на највисоко ниво.

Дозволете да толкувам дека откако непотизмот од Владата се прошири и на органите кои ја формираат Владата, партиските органи, во партиите кои ја формираа Владата и тоа е сосема очигледно, во последните назначувања непотизмот наместо да се сече во корен, тој се пушта во корен. Стеблото во Владата расте врз основа на корењата на политичките партии. Тоа на сите им е јасно. Ако вие, наместо стеблото да го отсечете од непотизмот, дозволувате тој да навлезе во корењата, сите наредни стебла што ќе пораснат во таа политичка патија ќе бидат непотистички. Затоа, ценам дека Владата со тоа што нема сега политички интерес тоа да го нaприва, прави грешка.

Дозволете само да наведам зошто Владата со овој закон покажала дека нема политичка волја, а на друго место тоа го санкционира. Видете го член 9. Членот 9 вели: “службеното лице кое пред стапување во функција како сопственик сам управувал со трговско друштво или установа, вршел професија или друга приватна дејност”. Значи целосно го зафаќаме приватниот сектор и велиме - лице кое влегува во јавна функција, а пред тоа вршел приватна дејност за време на вршењето на јавната функција, управувањето на приватното друштво му го доверува на друго лице, што е во ред. Во идниот став вели: - лицето од ставот 1 не може да биде брачен другар на службеното лице, или пластично, ако имате човек кој станал министер, а има трговско друштво со кое управува, законот вели ти ќе го префрлиш управувањето на трговското друштво привано на друг, ама тој друг не може да биде брачен другар. Значи во приватниот сектор Владата ја санкционира можноста од непотизам, со закон, со овој член, а тоа истото не го соопштува за јавниот сектор, овој закон се однесува за судир на интереси во јавниот сектор, не во приватниот. Зошто не напишеме уште една одредба дека лице кое по стапување на функција, управува со институција која итн, именува, избира, итн, не може тоа да го направи со друго лице согласно законот, кој е брачен другар, лице кое живее во вонбрачна заедница, деца, посвоеници, родители, вници, браќа, сестри, како што е наброено во приватниот сектор. За мене тоа само значи дека Владата свесно непотизмот го испуштила со цел кога ќе се донесе законот Државната комисија да не покаже со прст, ако воопшто постои Државната комисија, да не покаже со прст дека имате, веднаш по донесувањето на законот, судир на интереси од карактерот на непотизам. Сега не

прифаќањето на амандманот е јасно дека е барање ексанте аргументација дека е тоа така.

И уште еден доказ е членот 22 каде се уредени надлежностите на Државната комисија и каде вели - Државната комисија ги има следните надлежности и набројува. Паттата алинеја вели: “соработува со други држани органи со случувањето на појавата на судир на интереси”. Би било логично Државната комисија да соработува во спречувањето на појавата на непотизмот која е најфларгантна форма на судир на интереси. Со оглед дека овој амандман се одбива и непотизмот не се вклучува во судир на интереси, Државната комисија која има надлежност по законот не може да постапува, овде како што се вели со други државни органи за спречување на појава на непотизам, затоа што во судир на интереси овде што е дефиниран зборот непотизам е исфрлен. Така што, без разлика што ќе се случи, можеме овде ние до утре да се убедуваме за мене е заклучокот еден. Наместо стварноста да ја прилагодуваме на добрите норми, ние сега законите ги прилагодуваме на стварноста која се владее од лоши норми. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за министерот за правда.

**Михајло Маневски:** Благодарам.

Прво сакам да кажам кога се носеше Законот за спречување на корупцијата ги слушавме, помалку или повеќе овие исти дискусии и се донесе Законот и се рече, ќе видиме дали ќе се спроведува. Сега повторно истото тоа го слушам. Сега Законот за спречување на корупција се спроведува и тоа се спроведува добро. Се носат решенија за тие што стекнале огромни богатства без да вложат труд и без да ги измират обврските спрема државата. Значи, не може да има никаква бојазност дека ќе се спречува и овој закон за спречување на судир на интереси.

Второ, не е точно дека Владата го брише непотизмот од законот, бидејќи и самите пратеници спомнаа неколку одредби, а законот во повеќе одредби го уредува прашањето за спречувањето на судирот на интереси и вработувањето на блиски лица и не само вработувањето туку и други погодности што ги уредува законот и мислам дека на тој начин тоа што Владата го чини, Владата не го врзува непотизмот како што сака амандманот да прикаже само добивање на раководни работни места. Што е тоа добивање нови раководни места и функции? Значи непотизмот се врзува само за добивање на раководни работни места и функции. За друго непотизмот не се врзува. Ако како министер или заменик министер, своето дете или својот внук го испратите таму преку океанот, или не знам каде на постдипломски студии и ја користете функцијата, нели е тоа непотизам, или треба да бидете само висок функционер па да се каже дека вие не постапувате со согласност со нормите кои се однесуваат на вршењето на функцијата. Оваа Влада има реална политичка волја и да ја спречи корупцијата и да го спречи судирот на интереси. Затоа е донесен овој закон. Ова е десета или не знам која верзија што е подготвена. Три, четири години никаде не е направен ни обид да се дефинира поимот непотизам. Меѓутоа, непотизмот, како што беше во минатиот текст во законот вграден во члне 7, во заграда ставено непотизам, меѓутоа непотизам како објаснување. Сега, тоа што беше во член 7 е уредено во два члена, во членот 5 и во членот 4 каде многу јасно е наведено, да се ветува вработување, остварување на некое друго право итн, или да влијае на донесување на одлука во јавни набавки, или на било кој начин да ја користи положбата и да се влијае на донесување на одлуката со цел да се постигне приватен интерес или корист за него, или за негови блиски лица. Значи, ние непотизмот не го врзуваме и ова прашање само за добивање на високи функции, туку воопшто за донесување одлука каде ќе дојде во прашање судирот на интереси. Мислам дека околу прашањата за реална или нереална политичка волја, тука не може да стане збор. Оваа Влада во овие неколку месеци покажа и ја докажа реалната политичка волја со тоа што води реална, а не имагинарна борба против корупцијата, а мислам дека така ќе биде со спречувањето со судирот на интереси.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеник господин Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Прво господин министер, антикорупциската корупција треба да ви се заблагодари за јавното давање на насоки што таа треба да работи од страна на министерот за правда, што денеска се случува на седница на Собранието.

Второ, господинот министер очигледно дека во јавноста и со ваква дискусија сака да покаже дека имал добра волја, за непотизмот, ама не му била доволна дефиницијата тука што е ставена. Зошто не ставивте своја дефиниција тука да ја проширите. Внимавајте сега која финта се употребува во Собранието. Тие што го поднеле амандманот го ограничиле само на одлучување и влијание на добивање на раководни места и функции на сметка на други лица кои треба да имаат првенство заради знаење итн., не била доволна.

Господине министре, вие го предлагате ззаконот. Направете прекин на седницата, доставете амандман како што ни правите постојано заради ваша дефиниција на непотизмот и вградете ја по службена должност со амандман во законот. Тогаш ќе ви веруваме дека е така. Се додека ни кажувате дека амандманот не чини и за тоа не го вклучувам, јас не видов од вашиот настап дека вие сакате поимот непотизам да го вклучите. Напротив, барате аргументи да не влезе во Законот.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеник госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Почитуван потпртседателе, колеги пратеници, министер.

Се јавувам во знак на поддршка на амандманот поднесен во членот 3 по алинеја 7, во кој се вели дека се додава нова алинеја 8 која гласи:"непотизам во смисла на овој закон, се подразбира повластување на блиски лица при одлучувањето и влијанието во добивањето на раководни работни места и функции на сметка на други лица кои треба да имаат првенство поради знаењето и стручната подготовка за извршување на тие раководни места и функции".

Во репликата на господин министерот беше кажано дека овој амандман треба да биде уште малку проширен, барем јас така разбрав, и да не се однесува само на раководни работни места, туку да се однесува и на вработувањето на блиски лица. Во ред, можеби имате право, можеби треба амандманот да се прошири со вашата идеја и со вашето дополнување и наместо на раководни работни места и функции да стои и вработување на блиски лица и очекувам дека ќе бидете доволно искрени, тоа што го кажавте во вашата дискусија ќе го добиеме во текот на денешната, или утрешната расправа, како амандман од Владата,бидејќи тоа право го имате.

Во мојата дискусија околу овој амандман би сакала да потсетам на двојниот аршин кој денешната владеачка коалиција, пред се, ВМРО ДПМНЕ го има кон поимот непотизам и кон однесувањето за овој поим.

Нашата јавност, македонскиот народ, сигурно одлично памти што се случуваше во текот на 2002 година, што се случуваше во текот на месеците ноември, декември 2002, јануари 2003, па и за време на сите четири години од претходната Влада кога максимално се експлоатираше и злоупотребуваше зборот непотизам. Дури овој странски збор и неговото значење го научија сите луѓе во државата и обичните луѓе го научија зборот непотизам што значи и за што се употребува. Максимално се злоупотребуваше поставувањето на блиски роднини на некои раководни места. Меѓутоа, јас би сакала во мојата дискусија да бидам малку повулгарна и со име и презиме да ги кажам тие тогашни случаи во текот на 2002 година која не е толку далечна и на која сите многу добро се сеќаваме.

Би сакала да потсетам на случајот со Рубинчо Заревски и вработувањето на неговата сопруга дипломиран стоматолог во Воена болница и понатаму она што следуваше, односно неговата оставка од директор на Фондот за здравствено осигурување без званично законско решение, како резултат на морален чин. Слични работи се случуваат и денес со ваши роднини, меѓутоа, ниту еден од ВМРО ДПМНЕ и од владеачкото мнозинство заради сличен случај не видовме барем до сега да поднесе оставка. А имаме министри во Владата и директори на високи функции и брачни другари, имаме први братучеди на највисоки позиции, имаме мајки и синови. Знаете веќе добро го експлоатираме тоа неколку месеци на какви високи позиции во царината и во парламентот, во адвокатска куќа и Парламентот и слично.

Би сакала да потсетам на случајот со Андреј Жерновски и неговата сопруга која беше дипломиран електроинжењер и сеуште е, сосема стручна да биде член на Управен одбор во јавно претпријатие од таа област, меѓутоа, по нападите од страна на тогашната опозиција, од страна на ВМРО ДПМНЕ и после натписите во весниците, како резултат на морален чин, без званично законско решение беше поднесена оставка од сопругата на пратеникот Жерновски.

Би сакала да потсетам на случајот со нашата претседателка Радмила Шеќеринска и нејзините родители, тема многу експлоатирана во јавноста и би сакла во тоа време нејзините родители како дипломиран електроинжењери имаа и имаат стаж преку 30 години во Електростопанство на Македонија, граделе кариера, скала по скала и биле на раководни функции уште во 1980-тите години, кога нивната ќерка Радмила Шеќеринска беше студент. И одеднаш, фрлање магла во очите на македонската јавост ноември и декември 2002 година, дека благодарение на нивната ќерка, тогашен вицепремиер во Владата на Бранко Црвенковски добиле високи позиции во Електростопанство на Македонија, а високи позиции всушност, и не беа највисоки раководни места, туку, шефовски места. Тема повторно да потсетам, многу се експлоатираше за ништо. Се работеше за двајца врвни стручњаци дипломирани електроинжењери со кариера над 30 години во таа фирма, а ВМРО ДПМНЕ го злоупотреби да направи врз македонската јавност пресија и мислење еве како Владата на СДСМ, тогашната Влада ги става кадрите на раководни места. Тоа не беа луѓе донесени од улица, тоа не беа луѓе донесени од други организации, тоа не беа луѓе на несоодветно место. Како резултат на морален чин, без постоење на законско решение беа поднесени оставки од родителите на Радмила Шеќеринска на база на тогашните ваши инсинуации и конструкции.

Сегашните состојби со брачниот пар Габриела Коневска Трајковска и Горан Трајковски, сегашните состојби со премиерот Никола Груевски и неговите први братучеди Мијалкови, сегашните состојби со пратеничката Дулиќ и нејзиниот син, со пратеничката Јагнула Куновска и нејзиниот син, со Тачи и неговите братучеди и да не редам уште колку многу сегашните состојби не ги коментирате, не ги дискутирате и уште повеќе реагирате и во Законот да не биде внесен зборот непотизам. А знаете да кажете дека тогашен министер пратил син на школување преку океанот. Каква иронија, каква глупост. Зарем не може кој каде сака да ги праќа децата на школување. Повторно зборувате со вокабулар на опозиција за жал, сега сте вие позиција, за жал, сега нашиот народ гледа и цени што правите и како делувате.

Вашите двојни аршини уште еднаш ќе кажам, дека едно ветувавте а друго правите. Имаше такви и сеуште постојат многу поговорки за многу луѓе од секојдневниот живот и од професии кои велат не гледај што правам, гледај што зборувам, меѓутоа,

нашата јавност и нашиот народ тука гледа и што правите. Ветивте странски инвестиции, не донесовте ниту една и сега отварате погон од 100-тина вработени во текстилна индустрија како капитал на странски инвестиции во Македонија. Ветивте нови работни места и нови вработувања, а бројот на вработени во Република Македонија од ден на ден е се помал. Сите мерки ваши водат контра политиката на нови вработувања.

**Иван Анастасовски:** Ве млам, вратете се на амандманот.

**Верица Филипова:** Ветивте нови вработувања. Ветивте едно на стечајците, а сега ги лие дождот овие денови, веќе 93 дена.

**Иван Анастасовски:** Ве молам, да се вратите на амандманот.

**Верица Филипова:** Да. Веќе 93 дена ги лие дождот и само ги менуваат картоните стечајците, еден ден едни картони. Ист и двоен аршин, исти ветувања и исто замајување на македонската јавност правите и направивте со непотизмот.

На крајот би сакала да завршам дека не сме против стручни лица кои имаат соодветно знаење и соодветна стручна подготовка за извршување на раководните места и функции, туку сме против решенијата на нестручни лица без соодветна стручна подготовка, само поради родбинските врски со високи функционери и пратеници да добиваат раководни работни места. Крајниот ефект од сето тоа веќе почна да се гледа, крајниот ефект го слушнавме и вчера и завчера што изјавува ДПА, што изјавувате ВМРО ДПМНЕ, што изјавуваше НСДП пред еден месец. За жал, ние овде ги претставуваме граѓаните на Република Македонија. За жал, не е важно дали сме пратеници од ВМРО ДПМНЕ, дали сме од СДСМ, дали од ДПА, на сите нас императив треба да ни биде напредокот на Република Македонија. А со вакви нестручни кадри и со одбегнување на вметнување на зборот непотизам и поимот непотизам во законското решение доведуваме само до уназадување секојдневно на Република Македонија. И полека но сигурно тонење се подлабоко и подлабоко во бездната на овој Балкан. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Прв за реплика се јави господин пратеник Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници,

Морам да реагирам на ноторната невистина која ја искажа госпоѓата претходен дискутант по однос на спомнувањето на презимето Тачи и неговите братучеди. Неговите братучеди не се никаде во работен однос, ниту некогаш биле на врвни или раководни функции. Сега од таа фамилија треба да барате извинување, заради тоа што во нивната фамилија можеби на некои други функции имало некој мал непотизам, меѓутоа, во фамилијата на Тачи, ниту еден грам непотизам не постои, поради тоа што вие кажавте една невистина. Ајде аргументирајте го тоа со неговите братучеди. Неговиот братучед во претходниот мандат кога беше ДПА со ВМРО на власт беше директор на Медицински центар во Тетово. Сега не е директор заради тоа што да го сочува тој чист однос кон власта и чист однос кон непотизмот. Ваквите инсинуации од ваша страна кога за другите работи кажавте дека се глупост, вие ја направивте најголемата глупост. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеник госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Според информациите со кои располагаме од “Службен весни на Република Македонија” број 103/2006 Гафур Тачи и Афет Тачи, браќа на пратеникот на ДПА Мендух Тачи по изборот на новата Влада станале членови на Управните одбори на Јавното претпријатие за аеродромски услуги и на Агенцијата за странски инвестиции. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути за реплика господин пратеник Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Почитуван потпретседателе, на почетокот би сакал да изразам мое лично незадоволство, поради тоа што донесувањето на еден ваков значаен закон за Република Македонија се претвори во трачарска кафана како Собрание, па сега треба да се сведеме на ситуација да прашуваме кој на кого му варел ајвар, кој на кого му е братучед, зошто е тука итн. Меѓутоа, јас нема да си го дозволам тоа ниво и ќе подискутирам прецизно по однос на законот. За колешката да биде подобро запознаена со законот ќе прочитам два-три члена од Законот.

Значи, во член 2 во Законот се дефинира:”целта на овој закон е да се обезбеди спречување на злоупотреба на власта и доверените јавни овластувања на службеното лице за остварување на лични или користољубиви цели и да се обезбеди спречување на можноста приватниот интерес на службеното лице да дојде во судир со јавниот интерес”.

Во членот 3 поимот судир на интерес е дефиниран како, се подразбира состојба кога приватниот интерес на службеното лице е во спротивност со јавниот интерес, или кога приватниот интерес влијае или може да влијае врз неговата непристрасност при вршење на работите од јавен интерес.

Во истиот член 3 во друга алинеја е дефиниран терминот блиски лица. Во тоа дословно е напишано. Блиски лица се лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв, во прва линија и во странична линија до четврти степен, посвоител, посвоеник, роднини по сватовство до втор степен, како и други лица за кои по некој основ оправдано може да се смета дека меѓу себе ги поврзува некој интерес со службеното лице. Значи, преку овие три реченици содржани во законот дефинирано е на многу попрецизен правнички начин сето ова што колегите го предлагаат со амандманот. Зачи, тоа што се бара веќе го има амандманот.

Јас би сакал да ја прашам колешката Верица Филипова зошто овој закон дојде на дневен ред во минатиот мандат токму на крајот на мандатот на Собранието, тоа е прва работа и втора работа, кога дојде во Собранието на Република Македонија во овој мандат зошто колегите од СДСМ спречија уште во јануари месец да биде донесен овој закон како закон, значи во втора фаза, туку побараа да се врати во прва фаза. И апсолутно, и да има нешто вистина во она што тие го велат, нема никаква вистина, досега законот ќе функционираше и ќе можеше Државната комисија за спречување на корупцијата да ги утврди овие обвинувања. Штом така не постапија, се друго се сведува на евтин политички маркетинг и на кафана што еве денеска на дневен ред имаме трачарење. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеник госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Мене ми е многу жал што на владеачкото мнозинство сериозната денешна дебата во Парламентот им изгледа на трачарење и ајвар муабети. Јас ги разбирам дека тие денес се концентрирани и стрепат од кризата во Владата, од тоа дали ќе падне Владата, дали ќе опстои Владата и се друго надвор од тие муабети изгледа не битно, не важно и трачарење. Меѓутоа, ние сме концентрирани на точката на дневен ред, односно на предлог законот за спречување на судир на интереси, на подобрување на законското решение, на тоа што всушност, нам како пратеници на ова Собрание ни е основната работа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеник Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Овие 10 последни минути го покажа уште еднаш вистинското лице на парламентарното мнозинство и Владата на ВМРО ДПМНЕ.

Прво, парламентарното мнозинство воопшто не ги чита законите. Не знае што се случува во Собранието и изгледа колегата Илија Димовски бил во кафана, па дошол, па ние знае дека амандман прифати министерот, каде што ова што го читаше не е веќе во законот, ама како дежурен човек да реплицира, што е за почит, бидејќи е еден од ретките, знае дека треба да реплицира, ама реплицираше погрешно. Значи, господине Димовски тој амандман го прифати и министерот и “во втори степен” точката се стави, после тоа се брише и тоа не е во законот.

Втора работа што доаѓаме до вистината е тоа како министерот за правда стана министер за правда, бидејќи тој мисли дека како министер за правда ја диригира Државната комисија за спречување на корупцијата. Ова е многу сериозен момент во кој што апелирам, упатувам повик, апел до сите невладини организации во Државната комисија за спречување, Транспарентност, која и да е да собере сили и да го анализира она што го кажа министерот Маневски. Тој како министер за правда нема што да ја цени работата или примената на законот за спречување на корупцијата од страна на Државната комисија за спречување на корупција, туку си докажа зошто е тука. Затоа што со становите на Груевски, што е сега премиер, ја забошоти целата работа. Затоа после ќе ги побарам и стенографските белешки да ги погледаме и да видиме како министерот за правда ја подразбира Државната комисија за спречување на корупцијата, што е избрана од Собранието, а како работи Комисијата за спречување на корупцијата јас реков. Таа мисли дека кога ќе продадете Ровер од 1970 година можете да купите Х-7 од 90 иљади евра, затоа што тие така мислат. Тие не виделе што е Х-7 и мислат дека таа кола може да се купи за евтини пари, па Кедев тоа го оправдува. Или пак господинот Славески што го снимаше спотот, како што самиот кажа, што чини 100 иљади евра и бил добар наводно за промоција на безготовинското плаќање го нема сега никаде, затоа што знае дека е прекршен Законот за јавни набавки, дека прави иста набавка и со непосредна и со тенденрска, што е забрането и затоа тој спот го нема. Каде е тој спот, нели се прашувате, со добрата фризура. Па, нели беше добар, нели тука го бранеше министерот Славески. Каде е преставката 30 дена согласно Законот Државната комисија за спречување на корупцијата да се произнесе зошто министерот Славески режирал спот што чини 100 иљади евра а не смеел тоа да го направи. Па 10 нови закони за јавни набавки да донесете нема тоа да го топлоти.

Трета работа, на барање на Државната комисија ние доставивме список на случаи за непотизам. Не го измисливме ние. Државната комисија за спречување на корупција до Бихачка 8 достави барање, ве молиме со кои непотизми зборувате, значи тој збор не е странски, тој збор постои во Република Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата го побарала тоа од нас, ние сме го дале, ама никој веќе не го спомена тоа. Немаме одговор. Ќе не убедите дека Државната комисија за спречување на корупцијата работи транспарентно, одговорно, согласно закон, а само еден пример ќе ви прочитам.

Претседателот на Општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ во Центар е претседател на Советот на општина Центар, што е изборна функција, во ред, е советник на директорот на Управата за јавни приходи, член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за аеродромски услуги и е директор на Институтот за акредитација на Република Македонија, “Службен весник 33-2155/2” од 11.04.2007 година. Супермен ни е дечкото. Или можеби е во блиски или роднински врски со некој од Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ. Ако пет функции можел да обавува тоа не е проблем и мислиме дека Државната комисија за спречување на корупцијата работи нормално и се е во ред, се занимава со минатото а не како 4 милиони евра се трошат, или 500 иљади евра троши Чингоски, што го кажа ВМРО-ДПМНЕ, Надзорниот одбор, не

го кажала опозицијата, тогаш имаме проблем и немаме политичка волја ова да се направи. Мислам дека овие две работи апсолутно се разјаснија.

Третата работа, мислам дека за тоа и колешката Бендевска зборуваше зошто овој закон има знаменце на насловната страница.

Подготвувајќи се за седницата на која ќе се разгледува законот за јавни набавки, ги анализирав директивите и изјавата за усогласеност, што постои на крајот од законот. Таа изјава за усогласеност има своја кореспондентна табела која што треба да не упати на директивите кои се гледаат од Европската комисија.

Ако ја погледате оваа изјава за усогласеност, таа е празна, само потписот на министерот, претпоставувам, се извинувам ако грешам господине Маневски, има само еден потпис на изјавата за усогласеност. Ни дали горенаведените извори се одредени, дали достапност на превод, дали прописот е преведен, стручна помош, дали е КАРЦ, ДАЈЦ програма, СИГМА, дали треба мислење за усогласеност на прописот, усогласеност со изворите на правото на Европската унија. Сето тоа е празно, затоа мислам дека во овој случај Европското знаменце е злоупотребено.

Затоа почитуван потпретседателе се повикувам на член 76 и член 132 од Деловникот за работа овој закон да го разгледа Комисијата за европски прашања.

Мислам на празна табела за усогласеност, значи спремајќи се за законот за јавни набавки има табеларни оцени, пишува делумно во ред, делумно, а овде не пишува ништо. Значи, согласно Деловникот барам Комисијата за европски прашања да го разгледа, да каже дали оваа изјава за усогласеност важи или не и ве молам тука да ја прекинете седницата и откако ќе го добиеме извештајот од Комисијата за европски прашања да можеме да дискутираме.

Во овој момент на празна табела за усогласеност, или нека се повлече знаменцето од Европската унија, или да ја добиеме потполнета оваа табела. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Вие барате да го разгледа Комисијата за европски прашања.

Нема потреба да го разгледува Комисијата.

**Јани Макрадули:** Според член 172 и 176 од Деловникот.

**Иван Анастасовски:** Претпоставувам дека и вие го имате извештајот колега Макрадули, дека е разгледуван.

**Јани Макрадули:** Празна е табелата.

**Иван Анастасовски:** Законот е разгледуван на Комисијата за европски прашања, тоа го побаравте.

Значи, тоа е во ред.

**Јани Макрадули:** Празна е табелата, како да дискутираме за празна табела.

**Иван Анастасовски:** Кој да ви каже?

**Јани Макрадули:** Комисијата за европски прашања.

**Иван Анастасовски:** Значи, вие побаравте од мене во вашата дискусија овде да се прекине седницата и овде законот да го разгледува Комисијата за европски прашања.

(Господинот пратеник Јани Макрадули му покажува примерок од законот).

Како вие што мавтате со тој закон, јас ви покажувам документ дека Комисијата за европски прашања го има разгледувано.

**Јани Макрадули:** Треба табела да се достави, на што да се повикуваме.

**Иван Анастасовски:** Повелете, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, значи изјавата на усогласеност што стои покрај законот има кореспондентна табела што одговара со законодавството на Европската унија. Јас се прашувам кои се тие директиви. Јас тој одговор го барам од Комисијата за европски прашања, затоа што Министеството не ми ги дава, не ја потполнува табелата. Инаку, Комисијата дала извештај дека треба да се донесе. Во ред, и Комисијата за политички систем рекла...

**Иван Анастасовски:** Да, меѓутоа знаете дека претседателот на Комисијата треба да ја свика и да одлучи дали да заседава.

**Јани Макрадули:** Јас согласно Деловникот имам право на тоа. Како на празна табела ќе работиме.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам, вие барате реплика, или збор? (Реплика).

Пред да добиете реплика пратеничката Славица Грковска имаше...

**Јани Макрадули:** Јас имам деловничко прашање и барам Комисијата за европски прашања да одговори во овој момент за усогласеноста и врз база на што ќе работи, врз основа на која директива.

**Иван Анастасовски:** Колега Макрадули се извинувам, ама процедурално има збор пратеничката Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Потпретседателе, дозволете ми, меѓутоа не можам да се оттргнам од впечатокот дека вие правите вештачка дилема во ова Собрание. Едно е извештај на Комисијата за европски прашања која што заклучила дека треба да се донесе таков закон, а друго е она што господинот Макрадули го бара како координатор на пратеничката група дека ние како пратеници мора да знаеме согласно кои директиви од европското законодавство се усогласени предлог-решенијата кои што се дадени во овој закон. Тоа е тоа што бараме Комисијата за европски прашања да го направи заради тоа што на првата седница кога Комисијата го разгледувала овој закон тоа очигледно не го направила.

Станува збор за нешто на што алармираме неколку пати. Прелесно се употребува знакчето

на Европската унија на законите кои што се доставуваат до Собранието. Не е доволно само да го ставите знакчето на европската унија на одредено законско решение и ние да поверуваме без никакви аргументи дека е тоа така, а очигледно решенијата што се нудат во законот, некои од нив немаат никаква врска со хармонизација со европското законодавство.

Комисијата за европски прашања има ингеренции, има обврска да го информира Собранието на Република Македонија врз основа на кои директиви се нудат решенијата во овој закон. Затоа ве молам да постапите по легитимното барање на координаторот на пратеничката група, да ја прекинете седницата, Комисијата за европски прашања да ни ја достави даа информација за да можеме понатаму подобро да дискутираме за овој закон. Благодарам.

**иван Анастасовски:** Благодарам. Јас воопшто не правам овде вештачка ситуација. Дури и вашиот член, од вашата политичка партија на Комисијата се согласи дека е добро што се носи овој закон, ако добро го читам овој закон. Јас не гледам причина повторно да оди овој закон на разгледување на Комисијата.

Повелете три минути процедурално.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, Комисијата за жал во извештајот ја оценила само потребата за донесување. Во членот 142 од деловникот, на кој што ве упатувам, во ставот 2 пишува: "работните тела го разгледуваат предлогот за донесување на законот од гледна точка на потребата, но начелата врз кои треба да се заснова законот, основните односи што се уредуваат со законот и начинот на кој се предлага нивното уредување фалат". Фалат почитуван потпретседателе, затоа што поради знаменцето на Европската унија, овој закон не за џабе му закачил формулар, а тоа е табелата на усогласеност. Не мора Комисијата, нека ја потполни Владата оваа табела и нема ни ја достави. Значи, јас не инсистирам на Комисијата, но некој да ја потполни табелата за да знаеме да провериме. За Законот за јавни набавки вели директива 18, ја преведов, ја прегледавме, делумно усогласена, ама ова не знаеме на што да се повикаме. Затоа оваа табела мора да се потполни, инаку ова знаменце прелесно некој го стави. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Јас ви благодарам на вашата забелешка.

Претпоставувам во контекст на ова бара збор министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Јас сакам да изразам жалење на тоа што се прави повторно обид со овој закон, како на претходната седница да се симне од дневен ред заради неколку формални причини, иако такви формални причини очигледно нема.

Прво, господинот Макрадули спомна дека законот треба да оди на Комиијата за европски прашања, меѓутоа тој закон таму е разгледан и мислам дека тоа е неоснована забелешка што ја даде.

Второ, мислам дека господинот Макрадули знае дека борбата против корупцијата и политичките критериуми за борба против корупцијата е дел од политичките критериуми што треба да ги исполни Република Македонија, Република Македонија постапува по препораки и по директиви на Европската унија, а дел од препораките на усогласувањето на оваа програма е усогласувањето и донесувањето посебен закон за спречување на корупцијата и закон за спречување судир на интереси. Тоа го прави оваа Влада и оваа Влада мислам дека постапи на начин како што постапи, затоа што очигледно е дека сега на одреден начин дојде во прашање самиот текст на законот и сега некој од некакви формални причини, иако формални причини, нема никакви, нема директиви, туку тука има препорака Република Македонија која се залага за спроведување на ефикасна борба против корупцијата и спречување на судирот на интереси во препораките има да се донесе закон за спречување судир на интереси. Тоа оваа Влада го прави. Тоа помина и на надлежната Комисија. Јас сега не знам што е тоа проблем сега.

**Иван Анастасовски:** Благодарам на вашето објаснување.

Има збор господинот Јани Макрадули.

Повелете, три минути за процедурално господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседтеле, очекувам на процедуралното да се одговори од ваша страна. Значи, министерот за правда не само што се меша во Државната комисија, туку зборува и за процедурата и мисли, и јавно кажува дека бидејќи било еднаш на Комисија, тоа е завршена работа.

Потпретседателе, вие овде ја водите седницата, не ја води господинот Маневски, ве молам да го држиме дигнитетот на Собранието. Не за џабе тој формулар постои позади со дваесетина точии, не за џабе некој го ставил таму, но ова е доказ дека Европската агенда, за жал, на сите граѓани на Република Македонија не е на масата на оваа Влада. Тоа е проблемот и затоа на процедурална забелешка одговорете вие, постапете, кажете да или не, бидејќи Владата не е спремна да направи потполнување на табелата, нема сила тогаш јас барам пауза во име на пратеничката група да видиме како а излеземе од овој ќорсокак, бидејќи не знаеме дали навистина во директивите има непотизам, или нема непотизам некој напишано.

**Иван Анастасовски:** Ве молам, јас ви дадов мое образложение. Вие сега побаравте пауза?

**Јани Макрадули:** Не, прво одговор.

**Иван Анастасовски:** Јас ви реков законот е гледан на Комисијата и тука јас не правам вештачка драма. Ова е моето.

Продолжуваме со расправа, меѓутоа ако останувате со барањето за пауза тогаш јас тоа морам да го испочитувам.

**Јани Макрадули:** Не, нека завршат прво репликите.

**Иван Анастасовски:** Вие побаравте пауза господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Не побарав, врз основа на вашите аргументи...

**Иван Анастасовски:** Јас ви реков...

(Некои пратеници реагираат во салата).

Пред да добиете реплика вие барате збор процедурално или не?

Три минути процедурално за пратеникот Александар Николовски:

**Алекдандар Николовски:** Потпретседтеле имаме една очигледна ситуација дека СДСМ или она на што реагира координаторот на пратеничката група го забележала сега, па сега реагира, или го забележала на почетокот па реагира сега со намера да се забави расправата и тоа е очигледно, затоа што за ова требаше да се реагира на почетокот на расправата по амандманите ако реално имаме забелешка. Тоа е првата работа.

Втора работа, Комисијата го разгледувала законот и ние не можеме да сугерираме на Комисијата што треба да напише во нивниот извештај. Тоа што Комисијата го заклучува ние го добиваме како извештај и врз основа на тоа ние овде расправаме.

Комисијата определува известител и тој известител може да се произнесе по однос на законот односно по однос на извештајот, така што за да не правиме драма можеме да завршиме само со она што ви го кажа известителот на Комисијата доколку чувствува потреба дека треба да каже нешто дополнително од она што е извештај, или нешто што треба да го објасни извештајот.

На крај да видиме што сакаме. Сакаме да продолжиме, или не сакаме да продолжиме, затоа што бараме комисија, па не бараме комисија, бараме пауза, па не бараме пауза, да бидеме јасни што сакаме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Не правиме драма, продолжуваме со работа. Воопшто не правиме драма, продолжуваме со работа.

(Реакција на некои пратеници од место).

Процедурално бара збор пратеникот госпоѓа Благородна Дулиќ, повлете три минути.

**Благородна Дулиќ:** Во врска со процедуралната интервенција на колегата Макрадули сакам да кажам дека комисиите не се произнесуваат во доказите кои што се кон предлозите кои се на дневен ред на комисиите, туку по Предлогот за донесување на закон и тоа соодветната комисија го има напрафвено.

Според тоа, секој пратеник, впрочем и во комсиите се пратеници, ќе цени дали за односниот закон има доволно аргументи да гласаат или да не гласаат. Тоа е нивно право и тие тоа може да го направат. Меѓутоа, да се враќа по пет пати пред комисијата за она што веќе се произнела го нема никаде во Деловникот и ваков каков што е, иако опозицијата не дозволува да донесеме нов деловник каде што навистина комисијата во права смисла на зборот ќе постапуваат и ќе одлучуваат по предложените законски текстови.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

По трет пат бара господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, морам процедурално да интервенирам, бидејќи имаме сериозен проблем за тоа како ја сваќаме усогласеноста на законите со европското законодавство. Зошто оваа кореспондентна табела се носи покрај законот. Значи, таа е прилог на законот. Обврзани сме тоа кога сме станале земја кандидат. Европската комисија го цени тоа и вика: на секој закон што ќе ставиете ЕУ знаменце, мора да го имате ова. Во овој момент мојата процедурална интервенција како пратеничка група на СДСМ зошто е оваа табела празна. И тука не знам зошто се создава вештачка атмосфера дека нешто сакаме да оддолжиме, или да забошотиме. Напротив, сакаме да видиме зошто изјавата за усогласеност што е задача на Владата не е завршена и дали можеме процедурално да работиме за закон кој што ни се вели дека има европско знаменце, но има празна табела, изјава за усогласеност од кореспондентната табела. Тоа е проблемот. Значи, нашата процедурална забелешка е, кој ќе ја пополни оваа табела? Дали известителот, не го гледам тука, или Владата ќе достави мислење за ова, тоа е така. Дали го видовме тогаш, или сега, не знам. Да ви кажам за Законот за јавни набавки што ќе биде во среда ви е делумно усогласен за да се спремате како да дискутирате.

**Иван Анастасовски:** Кој е за реплика по однос на говорот на министерот?

Три минути реплика госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Господине министер, мислам дека вашиот обид да ја избегнете обврската која што Владата ја имала да достави изјава за усогласеност како прилог кон Предлогот на законот до Владата затоа што ќе не обвините дека сакаме да го пролонгираме донесувањето на овој закон, нема да ви успее. Прво, ние сме многу повеќе заинтересирани од вас овој закон побрзо да се донесе. Меѓутоа, вие, фактот дека не сакате да ги кажете директивите на Европската унија согласно кои сте ги предложиле овие законски решенија, сакате да го користите како параван за неприфаќање на одредени решенија кои вас лично не ви одат во прилог. Прво, вас лично како министер за правда заради низата конфликт на интереси кои што може да се најдат уште на почетокот на стапувањето на функцијата министер. И второ, не ви оди во прилог како член на Влада на ВМРО-ДПМНЕ која што за само 9 месеци има бројни примери за непотизам и за конфликт на интереси кои што согласно со овој закон ви се санкционираат. Затоа господине Маневски, доставете ги во прилог директивите врз основа на кои вие велите дека непотизмот не може да биде прифатен како дел од овој закон,

или директивите врз основа на кои сте ги правеле овие решенија. Комисијата за европски прашања може да го направи тоа. Оние пратеници кои што се подобро запознаени со надлежностите на Комисијата знаат дека една од надлежностите на Комисијата е да провери законските решенија на кои што Владата го става знакчето на Европската унија се согласно конкретни директиви кои што треба да стојат во прилогот на законот. Во спротивно и ова ќе биде уште еден од оние закони на кои што само проформа е ставено знакчето на Европската унија.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Господине министер, со оглед на тоа што во тек е материјална расправа околу четвртиот амандман поднесен од наша страна согласно кој вие јасно кажавте дека сметате дека непотизмот не може да биде составен дел на законот, бидејки сметате дека непотизмот не е основен извор за конфликт, односно судир на интереси. Јас како пратеник имам право да побарам и да добијам одговор од вас, зошто ни ја понудивте празна изјавата. И ми дава право да се сомневам дека непотизмот, односно вашиот став околу непотизмот не е усогласен со изворите на право на Европската унија, односно е ЕУ пропис целекс кој предвидува градација од потполна usогласеност до комплетна неусогласеност. Имате ли одговор на прашањето, дали овој закон иако сте го ставиле знаменцето е усогласен, или не, и е во согласност со одредбите од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, бидејки сте оставиле празен простор. Дали постојат причини за неисполнување, односно делумно исполнување на обврските, сте оставиле празен простор. Степен на усогласеност со други извори на правото на Европската унија, сте оставиле празен простор. За што ви треба овој празен простор? За да не убедите дека непотизмот во Предлог законот за кој вие сте овластен да го браните, не сметате дека ќе генерира услови не само за конфликт на интереси, туку и за појава на корупција. Или пак комплетно сега е јасно дека сте трпеле притисок да го избришете непотизмот за да можат и понатаму да опстојуваат евидентните случаи на непотизам кои ние ги поднесовме пред Антикорупциската државна комисија и од кои за жал сеуште немаме комплетен одговор.

**Иван Анастасовски:** Во што е сега повредена процедурата?

Повелете, три минути, колега Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, зошто мора да е повредена постапката за да човек бара процедурално. Значи согласно член 79 став 3 како координатор на пратеничката група јас можам да побарам пауза заради дополнителни консултации и како ќе настапиме пред се заради игнорантскиот однос и недобивањето одговор од страна на Владата зошто не си ја завршиле работата и не ја пополнила табелата.

Затоа во име на пратеничката група на СДСМ барам еден час пауза.

**Иван Анастасовски:** Јас морам да ви дадам пауза, на тоа ме обврзува Деловникот.

Деловникот дозволува и договор.

Објавувам пауза до 17,30 часот.

(Пауза од 16,56 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 17, 36 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да седната на своите места, продолжуваме со работа.

Бидејќи колегата Илија Домовски беше пријавен за реплика и единствен кој беше спомнат во дискусијата на господинот Макрадули, во тој случај три минути реплика за пратеникот Илија Домоски.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе.

На почетокот сакам да изразам процедурално мое мислење дека воспоставената парламентарна пракса во однос на репликите, кога имаат дискусија паралелно двајца, треба да се испита поради тоа што се случуваат вакви ситуации, говорникот на кој јас сум му реплицирал зборувал пред еден час, во меѓувреме дискутирале десетина луѓе и репликата веќе ја губи смислата, зошто е насочена. Меѓутоа, сепак ќе го искористам моето право на реплика.

Јас, апсолутно свесно, ова е реплика на господинот Јани Макрадули кој дојде пола час денес, напрви три четири збрики и ја напушти седнцата на Собранието. Меѓутоа тоа е апсолутно во духот на блокирање на донесување на овој закон што СДСМ во континуитет веќе 5-6 месеци го спроведува. Значи, не е случајно зошто го прочитав така, поради тоа што низа од амандманите што ги поднесе СДСМ, не претставуваат прецизирање на одредбите од законот, не претставуваат зајакнување на критериумите, туку напротив претставуваат релаксирање на оние одредби што ги предложи Владата, односно СДСМ преку своите амандмани се залага за многу порелаксирана и полиберализирана постапка, во случај на судир на интереси. Веројатно некој од СДСМ тоа ќе знае да го објасни зошто оние прецизни, дефинирани и во некои моменти дури и цврсти одредби кои ги предложи Владата во законот, СДСМ ги блокира и предлага амандмани кои ја либерализираат и разводнуваат целата постапка за утврдување на судира на интереси. Значи, не би сакал да набројувам кои од нивните 13-14 амандмани се такви, меѓутоа повеќето од половина се такви амандмани.

За да се надоврземе на тоа дека СДСМ свесно го кочи донесувањето на овој закон, јас ќе ве потсетам дека Владата до Собранието на 24.01.2007 година го достави овој закон во втора фаза. Ако СДСМ во тој момент не побараше, без основа, законот да се врати на доработка односно да се врати во прва фаза, овој закон веќе ќе беше донесен и ќе беше спроведуван во Република

Македонија. значи, илузорни се и не се на место сите трачарски муабети што СДСМ денес ни ги приреди поради тоа што ако прифатеа законот да се донесеше во јануари месец овој закон веќе ќе беше во сила, ќе се применуваше и ќе можеше да се утврди што од нивните лажни обвинувања е точно и прецизно. Вака е единствено замајување на јавноста, политички маркетинг и веројатно поради нивни интереси, поради нивни цели, поради тоа што Владата почна да расчепкува и во минатот кој што и како правел, свесно го кочат донесувањето на овој закон. Ние цел ден расправаме за еден амандман кој апсолутно со други изрази и со други зборови прецизно е содржав во одредбита на законот, дефинрање на судир на интереси, дефинирано што е блиско лице итн. Јас се надевам дека СДСМ ќе го откочи донесувањето на овој закон со цел побрзо да биде применлив.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Благодарам потпретседателе.

Денес имаме навистина интересна дискусија по однос на еден од предложените амандмани од страна на опозицијата и практично мојот говор односно она што сакам да го кажа е во насока на коментар на она што го слушнавме денес и на погледување на вистината во очи.

Прво, имаме закон кој апсолутно е дел од она што се нарекува борба против корупцијата во Република Македонија и она што се нарекува заложба на парламентарното мнозинство и на Владата за еден поинаков пристап во работата односно еден поинаков начин на работа, а тоа е пристап кој пред се е воден од чесните и морални начела на луѓето кои се наоѓаат на одговорни позиции. Тоа е факт дека се случува, не само преку законски определби, туку и преку она што реално го гледаме во Република Македонија и веројатно тоа е една оа причинте што граѓаните искажуваат толкава доверба спрема постапките и мерките што Владата ги работи, ги прави во изминатиот период.

Законот во принцип е концизен и добро изработен и мислам дека во наредниот период ќе регулира многу прашања што досега не беа регулирани и многу недоумици што сме ги имале и многу прашања што се отворале во јавноста, со овој закон ќе бидат затворени. И уште повеќе она што е добро во овој закон е тоа дека дискусии и расправи од типот на она што ја имавме во текот на целиот денешен ден, дискусии и расправи што веројатно ќе ги имаме и понатаму, во текот на наредните денови, што повеќе личат на чаршиски муабети, на шпекулации, на полувистини итн, и кои одат и до лични навреди, со овој закон ќе бидат регулирани. Природно е да се појавуваат такви дискусии,природно е да има и такви расправи заради тоа што материјата до сега не била регулирана на ваков начин, но сега ќе имаме регулирана материја и законот точно ќе ги уредува овие односи и многу од прашањата кои ние ги отвараме, не само по однос на она што е тема на амандманот, значи непотизмот, туку и многу други прашања од типот на прибавување на корист за себе, од типот на остварување или носење на некои закони или одлуки од страна на Владата што на блиски луѓе, на едни втрои или трети функционери им овозможуваат да стекнат некаква користи, ќе бидат регулирани.

По однос на тоа што денес д главна тема на дискусијата, сметам дека СДСМ односно колегите од СДСМ водат една погрешна популистичка политика која не води никаде од многу едноставна причина што поднесувањето на ваков амандман и начиност на дискусија што денес го имавме, апсолутно не не води никаде и она што веројатно е цел на опозицијата, а тоа е повеќе граѓани да ја прифатат нивната политика и да се искритикува политиката на парламентарното мнозинство односно на Владата мислам дека апсолутно е промашена.

Имаше два сегменти кои се отворија. Првиот е така наречениот непотизам во Владата, а вториот е по однос на така наречениот непотизам во партијата ВМРО-ДПМНЕ и тука беа отворени многу осетливи прашања кои се поврзани со нашето партиско функционирање и ќе ми дозволите да ги искоментирам и двата сегменти и да одговорам на некои делови но исто така некои работи и да споредиме затоа што, ако некого го мерите, треба да го мерите во однос на некој друг. Така што ако во моментот ја оценуваме власта, ја оценуваме во однос на опозицијата.

По однос на работењето на Владата,ние тука можеме да држиме говори, да бидеме и нервозни, да искажуваме некои ставови, но факт е дека денес не видовме концепти, не видовме таков напад како што очекувавме да видиме односно дозирањето на нападот спрема Владата и она што се сакаше да се постигне како цел, се изгуби во моментот кога координаторот на пратеничката група се обиде целата дискусија да ја префрли во една дурга насока, дали законот е европски или не, и тука видовме дека концептот за напад на СДСМ денес падна односно тактиката која ја имаат апсолутно не држи.

Јас би сакал да кажам само две работи.

Првата работа е дека вие не можете да им оспорите на луѓето во оваа држава да се занимаваат со оваа политика, уште помалку можете да им оспорите на луѓето да напредуваат во нивните кариери и да имаат одговорни позиции, ако за тоа прво и на политичка волја, заради тоа што, тоа се политички именувани функционери и второ, ако за тоа се кадарни односно ако знаат да ја вршат нивната работа.

Ако тргнеме по логиката која беше отворена денес, во Република Македонија не повеќе од 1000 луѓе ќе може да се занимаваат со политика по однос на сите основи и ќе имаме сериозна криза, заради тоа што ако тргнеме да ги бараме братучедите, роднините, сопрузите, комшиите, тетките итн, на сите луѓе кои се занимаваат со полтика во Македонија, само од нас 120 да

тргнеме, во Република Македонија ќе нема еден политичар за кој ќе можеме да кажеме дека е целосно чист односно дека на ниеден начин нема ни еден свој близок човек, никаде во органите што управува. Тоа е првиот момент.

Вториот момент, апсолутно не држат работите , поради тоа, се работи за политички именувани функционери, заради тоа што на избори се одни за да се добие глас која се води политички мотивирано односн се води врз основа на програма што ја нуди партијата преку луѓе односно кадар што партијата како таков го нуди. Ако имаме така предложени луѓе и ако тие луѓе зад себе имаат биографии на кои многу луѓе можат да им завидат, биографии кои кажуваат дека професионално се докажале, мислам дека дискусијата апсолутно завршува тука. Во тој правец јас не би сакал да одам со истиот тон и да одиме со споредби. Мене лично да речеме не ми смета, не ја гледам тука колешката, веројатно заминала за да има слободно попладне во Штип, Верица Филиповска, чија сестра била заменик директор на болницата додека СДСМ беше на власт, а таа во исто време била директор на подружницата на ЕСМ во Штип. Искрено, тоа не ми смета заради тоа што не сметам дека сестрата на нашата колешка не треба да напредува во сопствената кариера само заради тоа што нејзината сестра се занимавала со политика односно само  заради тоа што нејзината сестра е висок функционер во СДСМ. Уште помалку не сметам дека има нешто лошо во тоа што јавниот правобранител на Битола е сестра на пратеничка наша колешка и таа е се уште актуелен јавен правобранител и не сметам дека тоа треба да и смета во кариерата на јавниот правобранител во Битола заради тоа што таа не треба да има никакви последици само заради тоа што Весна Бендевска е пратеник во Собранието на Република Македонија итн, има десетици примери кои можеме да ги наброиме. Но она што апсолутно треба да се санкционира, она што апсолутно треба да го видиме е ако има случај, како што имаше случаи во Секторот за евроинтеграции каде што заради роднински врски, заради блискос со некои функционери се прескокнувани скалила каде и заради роднински врски или блискос со некои функционери се давани стипендии кои не се заслужени, се унапредувани луѓе кои не треба да бидат унапредени итн.

И на крајот и со тоа го затварам првиот дел кој беше дискутиран по однос на така наречениот непотизам во Владата. Имено за да говорите за непотизам во Владата, за да говорите за било што, треба да имате морално право да говорите за тоа. Дел од колегите, мислам дека го немаат. По однос на вториот дел, а тоа е она што се искоментира по однос на составот на Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ, на односите на ВМРО-ДПМНЕ, на луѓето кои што се во ВМРО-ДПМНЕ, сметам дека апсолутно не е работа на ниедна политичка партија да коментира што се случува во другата политичка паритја. Да ве потсетам ние бевме апсолутно коректни во моментот кога СДСМ беше во предконгресна атмосфера кога имаше два кандидати, кога имаа меѓусебни обвинувања, ние апсолутно го премолчевме периодот и мислам дека тоа е пример како треба да се однесуваат главните политички партии во Република Македонија, заради тоа што политичка партија значи структура на луѓе кои ја водат таа политичка патија, кои се избрани од членството и членството одлучува кои луѓе на кој начин и со каква програма ќе ја водат таа партија. Дали тоа ќе им се допадне на останатите граѓани, дали ќе ја гласаат на избори или не, дали ќе добие мандад или не е веќе друга приказна. Но, кој е во извршните органи во партијата, кој е претседател во партијата, апсолутно одлучува членството. ВМРО-ДПМНЕ во апсолутно транспарентна постапка тоа го прави и ќе продолжи да го прави. Уште повеќе,  ќе дадам неколку примери, политиката многу често, особено она што се вика работење во партија е пред се работа на човечки односи, работа на доверба и на меѓусебна комуникација. На пример на Полска не и смета што двајца браќа близнаци се претседател и премиер на државата. Напротив, Полска одни напред, особено во она што се вика  центар, десен концепт и тоа е добро. На Грција не и смета тоа што три фамилии буквално ја владеат Грција. Не и смета што актуелната министрека за надворешни работи е ќерка на поранешниот премиер на Грција, Мицотакис, не и смета што актуелниот премиер на Грција е син на поранешен премиер на Грција, не и смета тоа што лидерот на опозицијата Пасок, покрај тоа е и претседател на европската левица, чест гостин на нашите колеги на СДСМ, е син исто така, на поранеше лидер на Грција итн. Не им смета на САД тоа што актуелниот претседател на САД е син на поранешен претседател на САД. Не им сметаше на моментот на власта, на можеби најпознатото семејство во САД, Кенедиеви што во ист период претседателот и јавниот обвинител беа на така значајни позиции итн.

За да не ги отвориме темите од типот кој, што и како прави во политичките партии, мислам дека треба да завршиме тука, заради тоа што ако продолжиме понатаму да дискутираме, само да цитираме одредени интервјуа на одделни поранешни потпретседатели на СДСМ, ние ќе се доведеме во ситуација да немаме една коректна комуникација со колегите на СДСМ. Јас тоа не би сакал да го напрвам.

Би сакал да завршам тука и да финиширам дека кога пристапуваме кон работите прво треба да имаме реален однос и второ кога се обидуваме д анаправиме политички поени во Парламентот, сметам дека многу подобро треба да ја одбираме и целта и стратегијата. Денес, за среќа на мнозинството, за жал на опозицијата, опозицијата ја промаши и целта и стратегијата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

До крајот на денешната работа имаме уште 8 минути, претпоставувам двајца од пријавените

имате време да направите реплика. Останатите за утре.

По редот на пријавени прва за реплика е пратеникот Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** После ова веќе е јасно дека на ВМРО-ДПМНЕ му смета зборот непотизам заради тоа што според кажувањата на мојот колега за некој да биде на функција, доволно е да има прво политичка волја и второ да знеа да ја врши работата.

Мене ме изненадува ваквото менување на ставовите на ВМРО-ДПМНЕ, кога знаеме дека до 2006 година топ тема за ВМРО-ДПМНЕ беше непотизмот и јас се прашувам што е тоа што се случи за само 9 месеци ВМРО-ДПМНЕ да ја смени својата позиција. Се разбира, се случија братучедите на премиерот, се случија сопруги и сопрузи на високи функционери во Владата, се случија милион други примери што сега ВМРО-ДПМНЕ го доведуваат во позиција да не убедува дека треба да завршиме со приказната за непотизмот, заради тоа што ќе сме останеле само со 120 пратеници и никој друг во државата не можел да има функција. Не е членството тоа што одлучува кои луѓе ќе бидат на одредени функици. Има механизми, меѓутоа има и правила на игра.

Ако до вчера сте тврделе дека сопругата на Андреј Жерновски, која е пред него во политичка партија и која долги години работи во одреден сектор, не може да биде член на управен одбор без да има никаква поврзаност со функцијата на господинот Андреј Жерновски сега не може на еднаш да ја убедите македонската јавност дека тоа сега е можно само заради тоа што вие сте на власт. Јас се прашувам дали има една единствена тема на која ВМРО-ДПМНЕ остана доследен кога беше во опозиција и кога беше на власт. Нема. Љубе Бошковски го избркаа од пратија, потоа градеа политички маркетинг на него. Го потпишаа Охридскиот договор потоа се откажаа од него за потоа да се обврзат дека ќе го спроведуваат, а сега кога дојдоа во позиција да го спроведуваат да ги негираат сите обврски што преостанаа од него. И милион други прашања за кои утре ќе зборувам, сега немам време заради краткото траење на времето.

Мислам дека ВМРО-ДПМНЕ треба да одлучи дали сака борба притив корупцијата или не. со оглед на тоа што ВМРО-ДПМНЕ е алергичен само на зборот непотизам и во ниеден случај не сака во законот да се спомне, само оди во прилог на тезата дека ВМРО-ДПМНЕ прави фиктивна борба против корпуцијата.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за пратеникот Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Мислам дека продолжуваме во истиот стил односно дека повторно се промашува стратегијата. Јас ќе искоментирам се што беше кажано во репликата иако мислам дека репликата не одговараше на она што го зборував.

Прво, по однос на конзистентноста на политиката на ВМРО ДПМНЕ.

Една од причините почитувана колешке, поради која што ние имаме 30% рејтин, а вие имате 6, е тоа што ние исполнуваме од збор до збор тоа што сме го ветиле на граѓаните на Република Македонија. Ѓраѓаните тоа го гледаат, не ги лажеме, не им кажуваме работи што не можат да се направат и тоа е факт.

По однос на непотизомот. Знаете ли што е непотизам? Непотизам е ако јас, мојот брат кој што сеуште е студент го поставам на позиција каде што се бара високо образование и пет години работно искуство. Тоа го правеше СДСМ.

Втора работа, по однос на тоа дека не одлучува членството, можеби во СДСМ не одлучува членството. Кај нас одлучува членството кој што и на која позиција ќе биде.

И трета работа, во три секунди, не манипулирајте со Охридскиот рамковен договор и со Љубе Бошковски. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Имаме време за уште една реплика, на ред е пратеник господин Спасовски Оливер, повелете три минути.

**Оливер Спасовски:** Почитуван потпретседателе, колега Николовски, сакам да ви реплицирам и во двата сегменти кои што ги дадовте во вашата дискусија по однос на овој закон.

На почетокот да ве посоветувам, добро е продолежите така да ги браните вашите колеги од ВМРО ДПМНЕ и вашата политика. Тоа е добро, веројатно за уште еден аргумент плус да имаат граѓаните како и на кој начин ја практицирате власта, и како и на кој начин сакате да говориме за непотизмот во Република Македонија.

Сакав да чујам аргументи со кои одлучно ќе застанете во борбата против непотизмот во Република Македонија онака како што ветивте вие и вашиот претседател, а не да посочуваме примери едните и другите како до сега се работело и зошто ние треба да продолжиме така да работиме.

Што се однесува за непотизмот во партијата, воопшто не би сакал да разговарам, тоа е ваша работа, тоа е работа на вашиот демократски капацитет и пред се на демократскиот капацитет на вашиот лидер. Ако сопствените починети, роднини, блиски ги стави во извршниот одбор тоа говори токму за него и за неговиот демократски капацитет. А за демократијата во партијата и за изборот во членството можеме да говориме само со решенија ако се поставуваат претседателе, веројатно така ги поставувате и носителите на функции.

И второ колку сериозно пристапувате кон оваа тема, говори вашиот вокабулар, чаршиските муабети или како вашиот претходниот што рече трачрски муабети. Сето тоа веројатно народот го зборува. Не е страшно народот што зборува, страшно е тоа што за се погаѓа понатаму. Можеме

да продолжиме да работиме понатаму, ако сакате господине Вељановски, нема проблем. Меѓутоа, веројатно чаршиски муабет е дека Сашко Мијалков е прв братучед на господинот Груевски, а води еден сегмент во разузнавањето во Република Македонија и користи и селектира информации кои што би можеле да бидат и сигурно се користат само во функција на господинот Груевски и на вашата политичка партија, а подоцна стана и член на извршниот комитет. Чаршиски муабет е дека госпоѓата Коневска Трајковска го постави за директор во Управа за јавни приходи сопствениот маж. Чаршиски муабети се многу други кои што ги имаме како информации, за кои што не сакате да говорите туку одговарате како некој друг работел. Мислам дека многу поодговорно треба да пристапите во овој проблем, сериозно да разговараме и да донесеме сериозен закон, со применливи одредби, тоа е интенцијата на СДСМ. Не да посочуваме примери на непотизам и од едната и од другата страна, туку да покажеме добра волја тој сегмент да го прекинем во Република Македонија.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Една минута контра реплика и со тоа завршуваме за денес, повелете, пратеникот Николовски Александар.

**Александар Николовски:** Ќе кажам неколку работи.

Прво во однос на тоа дали имаме аргумен за борба со непотизмот, апсолутно имаме аргументи за борба со непотизмот и со судирот на интереси, тоа е законот што го предлагаме денес и кој ќе го усвоиме во наредните денови.

Второ, по однос на работите кои беа кажани, за да не бидат повторно чаршиски муабети, повелете господине Спасовски документирајте го тоа што го кажавте по однос на директорот на УБК, документирајте, ќе свикаме анкетна комисија, или има други начини, покажете на кој начин се користат информации од УБК за работата на премиерот односно на партијата. Ако ова е Едипов комплекс односно ако зад ова стојат работи кои беа зборуваме од претходниот лидер на СДСМ дека Миле Зечевиќ прави упад во партијата, или што сега ви говори вашиот братаник Есад Рахиќ дека Миле Зечевиќ прави листи за тоа кои луѓе ќе бидат на изборни конвенци на СДСМ, јас не можам да ви помогнам. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Почитувани колеги, со ова за денес завршуваме.

Продолжуваме утре со истата седница со колегите кои се пријавени за реплика.

(Седницата прекина со работа во 18,00 часот)